Službeni vesnik SR
Makedonije

91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 4 март 1977

БЕЛГРАД

БРОЈ 12 ГОД. XXXIII

Цена на овој број е 20 динари. — Претплатата за 1977 година изнесува 550 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1 Пошт фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756

**140.**

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

### УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТАТА НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ ВРЗ ПРЕТСТАВКИТЕ И ПРЕДЛОЗИТЕ

Се прогласува Законот за работата на сојузните органи врз претставките и предлозите, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 1 март 1977 година.

ПР бр. 575
1 март 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Кяро Глигоров,** с. р.

### ЗАКОН

### ЗА РАБОТАТА НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ ВРЗ ПРЕТСТАВКИТЕ И ПРЕДЛОЗИТЕ

Член 1

Со овој закон се уредува работата врз претставките и предлозите што работните луѓе и граѓаните ги поднесуваат до Собранието на СФРЈ, до Претседателството на СФРЈ, до Претседателот на Републиката, до Сојузниот извршен совет и до другите сојузни органи и сојузни организации (во натамошниот текст: сојузни органи).

Сојузните органи ги применуваат одредбите од овој закон и во работата врз претставките и предлозите што им ги поднесуваат организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници, општествените организации, здруженијата на граѓани или други организации.

Член 2

Под претставки и предлози, во смисла на овој закон, се подразбираат молби, поплаки и други поднесоци со кои подносителите се обрнуваат до сојузните органи заради ефикасно остварување и заштита на своите права, правни интереси и обврски, или заради давање на политичка или друга иницијатива од општ интерес.

Член 3

Тргнувајќи од тоа дека работните луѓе и граѓаните ги остваруваат своите права, пред сè, во основните и во други организации на здружен труд, во месните заедници, во самоуправните интересни заедници и во други самоуправни организации и заедници, во општините како самоуправни и основни општествено-политички заедници, како и во републиките и автономните покраини, сојузните органи ги разгледуваат оние претставки и предлози што се однесуваат на правата и должностите за кои во Уставот на СФРЈ е утврдено дека федерацијата ги врши преку сојузните органи.

Член 4

Работниот човек и граѓанинот не смеат да трпат никакви штетни последици поради поднесување на претставки и предлози до сојузните органи, ниту поради тоа можат да бидат повикани на одговорност, освен ако со тоа сторат кривично дело.

Член 5

Сојузниот орган е должен претставката или предлогот да го прими, што побрзо да го земе во работа, да го разгледа и да постапи во согласност со овој закон.

Сојузниот орган е должен на подносителот на претставката или на предлогот веднаш да му одговори што презел во поглед на подигнатите прашања. Одговорот се дава во писмена форма.

Член 6

Ако сојузниот орган утврди дека во претставката или во предлогот се подига прашање за чие решавање е надлежен, ќе преземе мерки за решавање на тие прашања, во согласност со својот делокруг и овластувања, а ако утврди дека за решавање на прашањето е надлежен друг сојузен орган, ќе му ја отстапи претпоставката односно предлогот на тој сојузен орган.

Член 7

Ако сојузниот орган оцени дека би можело да да има основ за употреба на правно средство или за преземање на друго дејствие или на мерка од страна на надлежниот сојузен орган, ќе го предупреди на тоа органот и ќе предложи да се разгледа оправданоста за употреба на правно средство или за преземање на друго дејствие или на мерка заради решавање на прашањата подигнати во претставката, односно во предлогот.

Член 8

Ако сојузниот орган по повод прашањата подигнати во претставката или во предлогот оцени дека би требало да се разгледа оправданоста за донесување на нови, односно заменување или дополнување на сојузните закони или на други прописи и општи акти на сојузните органи или автентично толкување на закон, ќе ги предупреди на тоа овластените сојузни органи односно ќе преземе други мерки во рамките на своите овластувања.

Член 9

Претставките и предлозите што не се однесуваат на правата и должностите што федерацијата ги врши преку сојузните органи, сојузниот орган ќе им ги отстапи на соодветните органи или организации во републиките односно во автономните покраини.

Во случајот од став 1 на овој член сојузниот орган во одговорот (член 5 став 2) ќе го запознае подносителот на претставката или на предлогот дека

сојузните органи не се надлежни да ги решаваат прашањата на кои се однесува претставката или предлогот и ќе го поучи до кого и како треба да се обрне заради остварување на своите права и интереси, односно иницијативи и предлози.

Член 10

Ако во претставката или во предлогот се дава политичка или друга иницијатива од општ интерес или се предупредува на постоење на проблеми или недостатоци кои бараат акции од пошироко општествено значење, сојузниот орган, во рамките на своите овластувања и во соработка со другите надлежни органи, со општествено-политичките организации, со самоуправните и други организации и заедници, ќе ја разгледа оправданоста за преземање на потребните мерки.

Член 11

Органите на општествено-политичките заедници, организациите на здружен труд и други самоуправни организации и заедници, општествените организации, здруженијата на граѓани или други организации, како и носителите на самоуправни, јавни и на други општествени функции, се должни на сојузните органи, по нивно барање, без одлагање да им дадат податоци и известувања со кои располагаат, а кои на сојузните органи им се потребни за работа врз претставките и предлозите како и да им даваат потребна правна и друга стручна помош.

Податоците и известувањата од став 1 на овој член, потребни за работата врз претставките и предлозите од нивна надлежност (член 3), сојузните органи можат да ги бараат по писмен пат. По исклучок, во соработка со органите, организациите и заедниците од став 1 на овој член сојузните органи можат да ги разгледаат списите и друга документација што се наоѓаат кај тие органи, организации односно заедници, а се однесуваат на претставка или на предлог, да направат извод од нив и да соберат други соодветни податоци и известувања.

Материјалите, податоците и известувањата од ст. 1 и 2 на овој член, што претставуваат службена или друга тајна, сојузниот орган е должен да ги чува како тајна.

Член 12

Во работата врз претставките и предлозите сојузните органи соработуваат меѓусебно и со соодветните органи во републиките и автономните покраини, разменуваат искуства, планираат и договорно преземаат заеднички акции по прашањата од заеднички интерес, се договараат и известуваат и едни на други даваат заемна правна и друга стручна помош.

Член 13

Заради обезбедување на уставноста и законитоста, како и ефикасно остварување и заштита на правата, на правните интереси и обврските на работните луѓе и граѓаните, сојузните органи ја следат состојбата и појавите во врска со претставките и предлозите од своја надлежност, ги анализираат проблемите и прашањата што се јавуваат во врска со тоа, преземаат мерки за чие преземање се овластени, ги известуваат другите надлежни сојузни органи за состојбата и за проблемите во соодветната област и им даваат мислења и предлози за преземање на мерки од нивна надлежност.

Член 14

Сојузните органи се должни својата внатрешна организација и начин на работа да ги утврдат така што да обезбедуваат ефикасна и квалитетна работа врз претставките и предлозите.

Член 15

За вршење на стручните и други работи во врска со работата врз претставките и предлозите, Собранието на СФРЈ, Претседателството на СФРЈ, Претседателот на Републиката и Сојузниот извршен совет можат спогодбено да формираат заедничка стручна служба односно еден од тие сојузни органи може вршењето на стручните или на други работи да й ги довери на стручната служба на друг орган, со негова согласност.

Со актот за формирањето на стручната служба во смисла на став 1 од овој член се уредуваат организацијата и работата на стручната служба за вршење на стручните и други работи за потребите на сојузните органи во врска со работата врз претставките и предлозите.

Член 16

Заради разгледување на начелните прашања што се подигаат со претставките и предлозите поднесени до сојузните органи, заземање на ставови за тие и други прашања од заеднички интерес за работата врз претставките и предлозите и предлагање на мерки за решавање на тие прашања, Собранието на СФРЈ, Претседателството на СФРЈ, Претседателот на Републиката и Сојузниот извршен совет можат спогодбено да формираат совет за претставки и предлози.

Во работата на советот од став 1 на овој член можат да учествуваат претставници на соодветните органи во републиките и автономните покраини, како и претставници на општествено-политичките организации во федерацијата кои врз основа на Уставот на СФРЈ имаат посебни функции и одговорности.

Составот, организацијата и начинот на работа на советот од став 1 на овој член се утврдуваат со актот за неговото формирање.

Стручните и другите работи во врска со работата на советот од став 1 на овој член ги врши стручната служба од член 15 на овој закон, определена со актот за формирањето на тој совет.

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**141.**

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издавам

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ИЗГРАДБАТА НА ОБЈЕКТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТРАНСКИ ДИПЛОМАТСКИ И КОНЗУЛАРНИ ПРЕТСТАВНИШТВА ВО БЕЛГРАД ВО ПЕРИОДОТ ОД 1976 ДО 1980 ГОДИНА

Се прогласува Законот за Програмата за инвестициони вложувања во изградбата на објекти за потребите на странски дипломатски и конзуларни претставништва во Белград во периодот од 1976 до 1980 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 1 март 1977 година.

ПР бр. 576
1 март 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито, с. р.**

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Киро Глигоров, с. р.**

# ЗАКОН
## ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ИЗГРАДБАТА НА ОБЈЕКТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТРАНСКИ ДИПЛОМАТСКИ И КОНЗУЛАРНИ ПРЕТСТАВНИШТВА ВО БЕЛГРАД ВО ПЕРИОДОТ ОД 1976 ДО 1980 ГОДИНА

Член 1

Со овој закон се утврдува Програмата за инвестициони вложувања во изградбата на објекти за потребите на странски дипломатски и конзуларни претставништва во Белград во периодот од 1976 до 1980 година (во натамошниот текст: Програмата), за чие финансирање се обезбедени средства со сојузен закон.

Член 2

Средствата од член 1 на овој закон се користат во согласност со одредбите на овој закон и Програмата, што е негов составен дел.

Средствата од став 1 на овој член можат да се користат и за плаќање на трошоците за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти за странски дипломатски и конзуларни претставништва во Белград ако инвеститори се странски држави и ако Социјалистичка Федеративна Република Југославија, врз основа на заемност, е должна да ги поднесува тие трошоци.

Член 3

Правата и должностите на инвеститор за извршување на Програмата ги врши Сојузниот секретаријат за надворешни работи.

Сојузниот секретаријат за надворешни работи може определени работи во остварувањето на правата од став 1 на овој член со договор да ги пренесе врз организацијата на која ѝ е доверена изградбата и управувањето со зградите и становите на странски дипломатски и конзуларни претставништва, во кој случај го врши правото на надзор над извршувањето на пренесените работи и должности.

Член 4

Извештај за извршување на Програмата, Сојузниот секретаријат за надворешни работи поднесува до Собранието на СФРЈ до 31 март секоја година.

Член 5

Носител на правата во поглед на располагањето, користењето и управувањето со објектите што ќе се изградат според Програмата со средства на федерацијата е Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

# ПРОГРАМА
## ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ИЗГРАДБАТА НА ОБЈЕКТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТРАНСКИ ДИПЛОМАТСКИ И КОНЗУЛАРНИ ПРЕТСТАВНИШТВА ВО БЕЛГРАД ВО ПЕРИОДОТ ОД 1976 ДО 1980 ГОДИНА

1. За сместување на странски дипломатски и конзуларни претставништва и на нивниот персонал во периодот од 1976 до 1980 година, треба да се изградат следните објекти:

| Реден број | Вид на објектите | Број на објектите | Површина во m² по објект | Вкупна површина во m² |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Амбасади | 12 | 1.000 | 12.000 |
| 2 | Резиденции | 12 | 600 | 7.200 |
| 3 | Вили | 50 | 200 | 10 000 |
| 4 | Станови | 140 | 100 | 14.000 |
| | Вкупно: | 214 | | 43.200 |

2. Преку Урбанистичкиот завод на град Белград се обезбедени до сега следните локации:

1) за згради за амбасади (2 згради);
   — локација во Улица Кнеза Милоша бр. 32 до 36;
2) за згради за резиденции (7 згради):
   — локација во Улица Сање Живановиќа и Улица Андре Николиќа;
   — локација на аголот на улиците Андре Николиќа и Бањичких жртава;
3) за вили (50 вили):
   — локација во продолжение на постојната дипломатска населба;
   — локација во Улица Београдског батаљона (спортски центар);
   — локација на Булевар ЈНА;
   — локација на аголот на Пазинска и Стражиловачка улица;
4) за станови (30 станови):
   — локација на Баново брдо — пет самостојни објекти со големина П+3.

За другите објекти локациите ќе се обезбедат во спогодба со Дирекцијата за изградба и реконструкција на град Белград.

3. Објектите предвидени со оваа програма ќе се градат според следната динамика:

| Година | Амбасади број | Амбасади m² | Резиденции број | Резиденции m² | Вили број | Вили m² | Станови број | Станови m² |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1976 | 1 | 1.000 | 2 | 1.200 | 5 | 1.000 | 10 | 1.000 |
| 1977 | 3 | 3.000 | 3 | 1.800 | 10 | 2.000 | 30 | 3.000 |
| 1978 | 3 | 3.000 | 3 | 1.800 | 15 | 3.000 | 20 | 2.000 |
| 1979 | 3 | 3.000 | 2 | 1.200 | 10 | 2.000 | 40 | 4.000 |
| 1980 | 2 | 2 000 | 2 | 1.200 | 10 | 2.000 | 40 | 4.000 |
| Вкупно: | 12 | 12.000 | 12 | 7.200 | 50 | 10.000 | 140 | 14.000 |

4. Структурата на просечните цени на изградбата на објектите (ориентациона) е следната:

| Вид на објектот | Градежни цени дин/m² | Надомест за земјиште дин/m² | Вкупно дин/m² |
|---|---|---|---|
| Амбасади | 6.000 | 6.500 | 12.500 |
| Резиденции | 7.000 | 7.450 | 14.450 |
| Вили | 6.000 | 6.000 | 12.000 |
| Станови | 4.500 | 4.500 | 9.000 |

5. За наведениот обем на изградбата и за дадената структура на објектите по години треба да се обезбедат следните средства:

| Година | Амбасади | Резиденции | Вили | Станови |
|---|---|---|---|---|
| 1976 | 12,500.000 | 17,340.000 | 12,000.000 | 9,000.000 |
| 1977 | 37,500 000 | 26,010.000 | 24,000.000 | 27,000.000 |
| 1978 | 37,500.000 | 26,010.000 | 36,000.000 | 18,000.000 |
| 1979 | 37,500.000 | 17,340.000 | 24,000 000 | 36,000.000 |
| 1980 | 25,000.000 | 17,340.000 | 24,000.000 | 36,000 000 |
| Вкупно: | 150,000.000 | 104,040.000 | 120,000.000 | 126,000.000 |

Според наведениот преглед, за наведената изградба на сите видови објекти треба да се обезбедат средства според следната динамика:

| Година | Вкупно потребни средства |
|---|---|
| 1976 | 50,840.000 |
| 1977 | 114,510.000 |
| 1978 | 117,510.000 |
| 1979 | 114,840.000 |
| 1980 | 102,340.000 |
| Вкупно: | 500,040.000 |

**142.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 44 став 1 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 1 март 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СРЕБРЕНИ КОВАНИ ПАРИ ОД 100 ДИНАРИ И ОД 200 ДИНАРИ

1. Народната банка на Југославија ќе издава сребрени ковани пари од 100 динари и од 200 динари по повод настаните што се од посебно значење за народите и народностите на Југославија.

2. Настаните од точка 1 на оваа одлука ќе ги определува Сојузниот извршен совет.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр 447
1 март 1977 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Киро Глигоров**, с. р.

Претседател
на Соборот
на републиките
и покраините,
**Зоран Полич**, с. р.

**143.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 16 и член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 18 став 3 од Законот за Сојузното јавно правобранителство, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 1 март 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЗАМЕНИЦИ НА СОЈУЗНИОТ ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

1 Сојузниот јавен правобранител има двајца заменици.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 473
1 март 1977 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Киро Глигоров**, с р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Данило Кекиќ**, с. р.

**144.**

Врз основа на член 305 став 6 и член 307 став 3 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ НА СТОКИ

Член 1

Во Уредбата за условите за привремен увоз на стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/76 и 1/77), во член 15 став 1 во одредбата под 2 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова одредба под 3, која гласи:

„3) вредноста на привремено увезените репродукциони материјали, односно готови делови да не преминува 30% од вредноста на стоките што ќе се извезат.".

Член 2

Член 17 се менува и гласи:

„За привремено увезените стоки, освен за стоките од чл 6 до 10, 12, 13, 16 став 1 точ. 3 и 4 и член 18 од оваа уредба, подносителот на декларацијата е должен на име обезбедување да ѝ уплати на царинарницата износ во височина на пресметаната царина и на другите увозни давачки ,или во височина на тој износ да поднесе акцептирана меница, авалирана меница или гаранција од соодветната деловна банка

Подносителот на декларацијата што ја поднел гаранцијата од точка 1 на Одлуката за условите за подигање стоки под царински надзор пред уплатата на царината и на другите увозни давачки („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/76), не поднесува посебна гаранција за привремено увезените стоки.

Како соодветна деловна банка од став 2 на овој член се смета деловната банка на царинскиот обврзник, на подносителот на декларацијата или на корисникот на привремено увезените стоки.

Ако привремено увезените стоки конечно се царинат, покрај царината и другите увозни давачки што се утврдуваат во смисла на член 323 од Царинскиот закон, се плаќа и камата по стапка од 0,5 промили на полниот износ на царината и на другите увозни давачки за секој ден на траење на привремениот увоз."

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 152
24 февруари 1977 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Доброслав Кулафиќ,** с. р.

---

**145.**

Врз основа на член 5 став 1 од Законот за премиите за млеко и згоени телиња, јуниња и јагниња и за компензациите за свежо месо („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/75, 9/75 и 58/76), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА ЗА МЛЕКО И ЗГОЕНИ ТЕЛИЊА, ЈУНИЊА И ЈАГНИЊА И ЗА КОМПЕНЗАЦИИТЕ ЗА СВЕЖО МЕСО

1. Во Одлуката за условите за остварување на премијата за млеко и згоени телиња, јуниња и јагниња и за компензациите за свежо млеко („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/75 и 18/76) по точка 3а се додава нова точка 3б, која гласи:

„3б. Премиите за млеко и за згоени телиња, јуниња и јагниња од чл. 1 и 2 на Законот за компензациите за свежо месо од член 3 на Законот можат да се остваруваат по барањата поднесени до 30 септември 1977 година.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 153
24 февруари 1977 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Доброслав Кулафиќ,** с. р.

---

**146.**

Врз основа на член 347 точка 10 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

## ЗА ОТВОРАЊЕ АМБАСАДА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ШПАНИЈА

1. Се отвора Амбасада на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Шпанија, со седиште во Мадрид.

2. Сојузниот секретар за надворешни работи ќе преземе мерки потребни за извршување на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 154
24 февруари 1977 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Доброслав Кулафиќ,** с. р.

---

**147.**

Врз основа на член 18 од Законот за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1976 до 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/76), сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ, ШТО ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ЌЕ ГИ ЗДРУЖАТ И ЗАЕДНИЧКИ ЌЕ ГИ ВЛОЖАТ ЗАРАДИ ОСТВАРУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ ПРОГРАМИ ВО СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И САП КОСОВО

Член 1

Во согласност со член 4 точка 2 од Законот за Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/76), Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини (во натамошниот текст: Фондот) во периодот од 1976 до 1980 година ќе води евиденција за средствата што основните организации на здружениот труд врз самоуправна основа ќе ги здружат и заеднички ќе ги вложат во остварувањето на развојните програми во стопански недоволно развиените републики и Социјалистичка Автономна Покраина Косово, а кои се засметуваат во постојаните средства на Фондот.

Член 2

Евиденцијата од член 1 на овој правилник Фондот ќе ја води врз основа на податоците од самоуправната спогодба, односно актот со кој основните организации на здружениот труд врз самоуправна основа средствата ги здружуваат и заеднички ги вложуваат и врз основа на потврдата за извршената уплата, односно за вложувањето на средствата по тој основ.

Член 3

Банките кај кои се водат средствата на одделни стопански недоволно развиени републики и Социјалистичка Автономна Покраина Косово, добиени на кредит од постојаните средства на Фондот (во натамошниот текст: банките), доставуваат до Фондот

копија од самоуправната спогодба, односно од актот со кој основните организации на здружениот труд врз самоуправна основа средствата ги здружуваат и заеднички ги вложуваат, како и копија од актот со кој надлежниот орган на републиката, односно на Социјалистичка Автономна Покраина Косово дал согласност за тоа дека договореното здружување и заедничкото вложување на средствата е во согласност со општествените планови на стопански недоволно развиените републики и Социјалистичка Автономна Покраина Косово и со мерилата што тие ги утврдиле со закон или со друг пропис.

Банките се должни копијата од самоуправната спогодба односно од актот со кој средствата врз самоуправна основа се здружуваат и заеднички се вложуваат и копијата од актот на надлежниот орган за дадената согласност од став 1 на овој член, да ги доставаат до Фондот во рок од 15 дена од денот кога надлежниот орган на републиката, односно на Социјалистичка Автономна Покраина Косово ќе даде согласност дека договореното здружување и заедничкото вложување е во согласност со општествените планови на стопански недоволно развиените републики, односно на Социјалистичка Автономна Покраина Косово и со мерилата што тие ги утврдиле со закон или со друг пропис.

Член 4

Потврдата од член 2 на овој правилник ја издаваат банките на износот на уплатените средства по основ на здружувањето и заедничкото вложување во развојните програми на стопански недоволно развиените републики и на Социјалистичка Автономна Покраина Косово.

Потврдата од член 2 на овој правилник банките ја издаваат и на вредноста на пренесените основни средства, отстапената технологија, лиценца, патент и слични вложувања што немаат финансиски карактер, а на тие вложувања е дадена согласноста од член 3 став 1 на овој правилник дека тие се во согласност со општествениот план на стопански недоволно развиените републики и на Социјалистичка Автономна Пораина Косово и со мерилата што тие ги утврдиле со закон или со друг пропис.

Банките се должни потврдата од член 2 на овој правилник да ја доставаат до Фондот во рок од 8 дена од денот на пристигнатата уплата, односно од денот на извршениот пренос на средствата што немаат финансиски карактер.

Копија од потврдата банките се должни да доставаат до надлежните органи на републиката, односно на автономната покраина на чија територија се наоѓа основната организација на здружениот труд што ја извршила уплатата, односно преносот на средствата по основ на здружување и заедничко вложување.

Член 5

Потврдата од член 2 на овој правилник содржи:

1) назив на основната организација на здружениот труд што здружува или заеднички вложува средства во развојните програми на недоволно развиените републики и на Социјалистичка Автономна Покраина Косово;

2) седиштето на основната организација на здружениот труд;

3) износ на извршената уплата;

4) датум на извршената уплата;

5) вредност на пренесените средства што немаат финансиски карактер;

6) датум на давањето и број на согласноста од надлежниот орган.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лис на СФРЈ".

Бр. 6-1730/1
3 февруари 1977 година
Белград

Сојузен секретар за
финансии,
**Момчило Цемовиќ**, с. р.

---

**148.**

Врз основа на точка 6 од Одлуката за условите и начинот на користење на средствата на Буџетот на федерацијата за 1977 година за покритие на обврските за повластено возење („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/77), во спогодба со претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски, сојузниот секретар за финансии издава

## НАРЕДБА

### ЗА НАЧИНОТ НА ИСПЛАТУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОТ ЗА ИСКОРИСТЕНИТЕ БЕСПЛАТНИ И ПОВЛАСТЕНИ ВОЗЕЊА ВО ПАТНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ ВО 1977 ГОДИНА И ЗА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ШТО СЕ ПОДНЕСУВА КОН БАРАЊЕТО ЗА ИСПЛАТА НА ТОЈ НАДОМЕСТ

1. Надоместот за превозите на лицата што имаат право на бесплатно, односно повластено возење во патничкиот сообраќај, извршени во 1977 година (во натамошниот текст: повластено возење) организациите на здружениот труд што се занимаваат со превоз на патници во јавниот сообраќај (во натамошниот текст: сообраќајните организации) го остваруваат со поднесување на барање за исплата на надоместот. Барањето се поднесува по истекот на месецот во кој е извршено повластеното возење.

Барањето за исплата на надоместот го поднесува сообраќајната организација до службата на општественото книговодство кај која има жиро-сметка.

2. Кон барањето за исплата на надоместот сообраќајните организации прилагаат, во два примерока, преглед на извршените повластени возења со пресметка, составен врз основа на издадените возни исправи (карти) за повластено возење.

Прегледот од став 1 на оваа точка се составува на образецот ПВ, што е отпечатен кон оваа наредба и е нејзин составен дел.

3. Кога Службата на општественото книговодство од точка 1 став 2 на оваа наредба ќе утврди дека пресметката на извршените повластени возења е исправна, а барањето за исплата на надоместот основано, испоставува налог со кој го одобрува износот на надоместот во корист на жиро-сметката на сообраќајната организација, а врз товар на сметката 60811-630-112 — жиро-сметка на извршувањето на Буџетот на федерацијата за 1977 година, позиција 445 — Средства за покритие на обврските за повластено возење во патничкиот сообраќај.

4. Еден примерок од прегледот од точка 2 став 1 на оваа наредба, заедно со налогот од точка 3 на оваа наредба, надлежната служба на општественото книговодство доставува до Службата на општественото книговодство на Југославија, која врз основа на тој преглед и налог им дозначува средства на сообраќајните организации.

Службата на општественото книговодство на Југославија води евиденција за надоместите исплатени во претходниот месец според гранките на сообраќајот и категориите на корисниците на повластицата на образецот ПВ.

5. За исплата на надоместот за повластено возење на југословенските железници Заедницата на југословенските железници поднесува заедничко барање за сите железнички транспортни организации на здружениот труд, кон кој прилага месечен преглед на образецот на оваа точка.

6. По исклучок од одредбите на оваа наредба, надоместот за бесплатен превоз на членовите на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на членовите на Советот на федерацијата, на делегатите на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на членовите на Сојузниот извршен совет ќе се исплатува на Заедницата на југословенските железници за сите железнички транспортни организации на здружениот труд во паушален износ, утврден на начинот од точка 3 став 2 на Одлуката за условите и начинот на користење на средствата на Буџетот на федерацијата за 1977 година за покритие на обврските за повластено возење.

7. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-1485/1
17 февруари 1977 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
**Момчило Цемовиќ**, с. р.

**Образец ПВ**

____________________
(назив на сообраќајната организација)

____________________
(гранка на сообраќајот)

ПРЕГЛЕД

**на извршените повластени возења во месец __________ 1977 година, за кои се бара исплата на надоместите врз основа на Одлуката за условите и начинот на користење на средствата на Буџетот на федерацијата за 1977 година за покритие на обврските за повластено возење, а за повластиците што се остваруваат врз основа на сојузни прописи**

| Реден број | Категорија на корисниците на повластици | Надомести на сообраќајната организација | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен број на превезените корисници | Вкупен износ на редовната возна цена | Наплатено од корисниците на повластици по издадени карти | На име бесплатни превози (100%) | На име повластици од 75% | На име повластици од 50% | Вкупно (6 + 7 + 8) | Надомест за превоз на ортопедски колички и помагала | Надомест за превоз на посмртни останки на ВИВ | Вкупно надомести (9 + 10 + 11) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 1 | Членови на Претседателството на СФРЈ, членови на Советот на федерацијата, делегати на Собранието на СФРЈ и членови на Сојузниот извршен совет | | | | | | | | | | |
| 2 | Воени и мирновремени воени инвалиди и уживатели на семејна инвалиднина | | | | | | | | | | |
| 3 | Носители на „Партизанска споменица 1941" | | | | | | | | | | |
| 4 | Борци од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година | | | | | | | | | | |
| 5 | Народни херои | | | | | | | | | | |
| 6 | Лица одликувани со орден Караѓорѓева ѕвезда со мечеви, со орден Бел орел со мечеви и со Златен медал на Обилиќ — установен во Црна Гора во 1851 година | | | | | | | | | | |
| 7 | Слепи лица и придружници на слепи лица | | | | | | | | | | |
| | ВКУПНО: | | | | | | | | | | |

Дека овој преглед е составен врз основа на издадените возни исправи за повластено возење, тврдат:

| ____________ | ____________ | ____________ |
|---|---|---|
| (место и датум) | (шеф на сметководството) | (индивидуален работоводен орган, односно претседател на колегијален работоводен орган) |

**149.**

Врз основа на член 45 точка 2 од Законот за заштита на населението од заразните болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/74), претседателот на Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Член 1

Заболувањата од заразни болести и епидемиите на заразни болести како и сомневањето дека постои заболување од некоја заразна болест (чл. 1 и 6 точка 2 од Законот за заштита на населението од заразните болести што ја загрозуваат целата земја — во натамошниот текст: Законот), се пријавуваат на начинот пропишан со овој правилник.

Член 2

Организацијата на здружениот труд во областа на здравството (во натамошниот текст: здравствената организација) што ќе утврди заболување, односно сомневање или смрт на лице од некоја заразна болест од член 1, односно од член 6 точка 2 од Законот, поднесува за тоа пријава на образецот П, што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Во случај на заболување или смрт од пегав тифус, Брилова болест, цревен тифус, паратифус А или В, детска парализа, дифтерија или беснило, здравствената организација го пријавува заболувањето, односно смртта по телефон, со телеграма или телекс со истовремено доставување пријава на образецот П.

Член 3

Пријавата на заболување или смрт од заразна болест здравствената организација ја пополнува во дупликат. Еден примерок од пријавата се доставува до органот, односно до здравствената организација определена за следење на движењето на заразните болести и за водење евиденција за заразните болести на територијата на општината на која се појавила болеста, а вториот примерок — до органот, односно до здравствената организација определена со републички, односно покраински прописи.

Ако лицето што заболело од детска парализа, дифтерија, цревен тифус, паратифус А или В, гонореја или сифилис нема живеалиште на територијата на општината на која се појавила болеста, здравствената организација што ќе утврди заболување од некоја од тие болести, покрај пријавата во смисла на став 1 од овој член, за утврденото заболување го известува органот надлежен за работите на санитарната инспекција на општината на чија територија се претпоставува дека дошло до заразување, односно на чија територија заболеното лице има живеалиште.

Член 4

Здравствената организација што ќе утврди заболување или смрт од гонореја или сифилис, пријавата за заболувањето, односно за смртта, ја доставува поверливо, во затворен плик.

Член 5

Пријавата се пополнува со машина или со печатени букви, со називот на болеста на латински јазик, и се доставува до органите, односно до здравствените организации од член 3 на овој правилник најдоцна во рок од 24 часа од утврдувањето на заболувањето или смртта.

Член 6

Заболување или смрт од колера, чума, големи сипаници, жолта треска, или сомневање дека постои заболување од некоја од тие болести здравствената организација веднаш по узнавањето му ја пријавува со телеграма на Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита.

Член 7

Ако здравствената организација во која заболеното лице е сместено заради лекување или друга здравствена организација утврди дијагноза со која се менува дијагнозата наведена во пријавата за заболувањето, за промената на дијагнозата ќе ја извести здравствената организација што го упатила заболеното лице на лекување.

Член 8

Органот, односно здравствената организација што врз основа на пријави на заболувања од заразни болести или на друг начин ќе утврди постоење на епидемија од некоја заразна болест од член 1 на Законот ќе поднесе за тоа пријава до надлежниот орган, односно до здравствената организација определена со републички, односно покраински прописи, како и до Сојузниот завод за здравствена заштита.

Пријавата од став 1 на овој член се поднесува најдоцна во рок од три дена од денот на утврдувањето на епидемијата и ги содржи следните податоци:

1) вид на болеста што се појавила во епидемиски облик и начин на утврдување на епидемијата;

2) време и причини на појавата на епидемијата, број на заболените лица и територија што е зафатена со епидемијата;

3) најнужни санитарно-хигиенски мерки што се преземени за спречување на натамошното ширење на заразата;

4) оцена на потребата од укажување помош заради отстранување на епидемијата и предлози во врска со тоа;

5) други податоци што според оцената на подносителот на пријавата можат да бидат од корист за отстранување на болеста.

Член 9

Органите, односно здравствените организации определени со републички, односно покраински прописи доставуваат до Сојузниот завод за здравствена заштита седумдневни извештаи за движењето на заразните болести на територијата на републиката, односно автономната покраина, во согласност со сојузните прописи за евиденциите во областа на здравството и со прописите за статистичките истражувања од интерес за целата земја.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1631
23 февруари 1977 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
здравство и социјална
заштита,
**Зора Томиќ**, с. р.

**Образец II**

(предна страна)

ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТО ПРИЈАВУВА ЗАБОЛУВАЊЕ—СМРТ ОД ЗАРАЗНА БОЛЕСТ ——————

———————————

СР (САП) ———— Општина ————

РЕДЕН БРОЈ НА КНИГАТА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТО ЈА ПРИЈАВУВА БОЛЕСТА

———————————

РЕДЕН БРОЈ НА КНИГАТА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ НА НАДЛЕЖНАТА ХИГИЕНСКО-ЕПИДЕМИОЛОШКА СЛУЖБА ————

ПРИЈАВА НА ЗАБОЛУВАЊЕ — СМРТ ОД ЗАРАЗНА БОЛЕСТ

ПОДАТОЦИ ЗА БОЛНИОТ:

———————————

(презиме, татково име и име)

ПОЛ ———— ГОДИНА НА ВОЗРАСТА ————

(машки-женски)

ЗАНИМАЊЕ ———————

(работа што ја врши)

КАДЕ РАБОТИ ———————

(за деца училиште — детска установа за воени лица — број на воената пошта)

ЖИВЕАЛИШТЕ НА БОЛНИОТ ———————

———————————

(место, улица и број)

СР ———— Општина ————

ПОДАТОЦИ ЗА БОЛЕСТА:

БОЛЕСТ ———————

МАТЕРИЈАЛ ЗА ЛАБОРАТОРИСКО ИСПИТУВАЊЕ ————

(земен-не е земен)

БОЛЕСТА УТВРДЕНА:

1) лабораториски
2) клинички

ДАТУМ НА ЗАБОЛУВАЊЕТО ————

ДАТУМ НА СМРТТА ————

———————————

(ВАКЦИНИРАН ПРОТИВ ОВАА БОЛЕСТ: НЕ—ДА ПОТПОЛНО — НЕПОТПОЛНО, РЕВАКЦИНИРАН, ВО КОЈА ГОДИНА ПОСЛЕДЕН ПАТ Е ВАКЦИНИРАН ОДНОСНО РЕВАКЦИНИРАН)

Место за печат на здравствената организација

Во ————

На ———— 197— година

———————————

(факсимил и потпис на лекарот)

(опачина)

На овој образец се пријавуваат заболувања и смрт од следниве заразни болести:

1) активна туберкулоза (Tuberculosis activa);
2) беснило (Lyssa);
3) Брилова болест (Morbus Brill);
4) детска парализа (Poliomyelitis anterior acuta);
5) дифтерија (Diphteria);
6) дизентерија (Dysenteria-Enterocolitis);
7) гонореја (Gonorrhoea);
8) колера (Cholera asiatica);
9) чума (Pestis);
10) маларија (Malaria);
11) мали сипаници (Morbilli);
12) паратифус (Paratyphus A или B);
13) пегав тифус (Typhus exanthematicus);
14) повратна треска (Febris recurrens);
15) сифилис (Syphilis);
16) цревен тифус (Typhus abdominalis);
17) големи сипаници (Variola vera);
18) голема кашлица (Pertussis);
19) вирусен менингитис (Meningitis virosa);
20) заразно вкочанување на вратот (Meningitis epidemica);
21) заразна жолтица (Hepatitis infectiosa);
22) заразно труење со храна предизвикано со салмонели (Toxiinfectio alimentaris);
23) тетанус (Tetanus);
24) жолта треска (Febris flava).

———————————

———————————

————————

————————

**150.**

Врз основа на член 11 став 4 од Законот за прометот на отрови („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/77) Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ОТРОВИТЕ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ

1. Се утврдува Листата на отровите што можат да се пуштаат во промет, во смисла на член 11 став 1 од Законот за прометот на отрови.

Листата на отровите од став 1 од оваа точка е отпечатена кон ова решение и е негов составен дел.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1358/1
16 февруари 1977 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за здравство и социјална
заштита,
**Зора Томиќ, с. р.**

## ЛИСТА НА ОТРОВИТЕ
## ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ

| Реден број | Меѓународен назив и хемиски состав на отровот | Група I | Група II | Група III | Група IV |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | АЦЕФАТ<br>OS-диметил-ацетилфосфороамидотиоат | | | + | до 80% |
| 2 | АЦЕТОКСИДИМЕТИЛДИОКСАН<br>6-ацетокси-2,4,-диметил-мета-диоксан | | | | од 0,5% |
| 3 | АКРИЛОНИТРИЛ<br>винил цијанид | + | | | |
| 4 | АЛАХЛОР<br>2-хлоро-2,6'-диетил-N-(метоксиметил) ацетанилид | | | | + |
| 5 | АЛДИКАРБ<br>2-метил-2-(метилтио) пропионалдехид O--метилкарбамоил) оксим | + | | | |
| 6 | АЛДРИН<br>(1, 2, 3, 4, 10-10-хексахлоро 1, 4, 4a, 5, 8. 8a-хексахидроекзо-1, 4-ендо-5, 8-диметано нафталин | | + | | |
| 7 | АЛЕТРИН<br>синтетски пиретрин | | | од 40% | од 3% до 40% |
| 8 | АЛКИЛ ДИМЕТИЛБЕНЗИЛ-АМОНИУМ САХАРИНАТ<br>алкил-($C_{12}$ 40%; $C_{14}$ 50%; $C_{16}$ 10%/ диметил-бензил-амониумов сахаринат | | | од 10% | од 1% до 10% |
| 9 | n-АЛКИЛ ИЗОХИНОЛИН БРОМИД n--алкил ($C_{12}$ 50%; $C_{14}$ 30%; $C_{16}$ 17%; $C_{15}$ 3%)-изохинолин бромид | | од 50% | од 5% до 50% | од 1% до 5% |
| 10 | АЛУМИНИУМ-ФОСФИД | + | на отворен простор | | |
| 11 | АМЕТРИН<br>2-етиламино-4-изопропиламино-6-метилтио-1, 3, 5-триазин | | | | + |
| 12 | АМИДИТИОН<br>S- (N-2-метоксиетил-карбамоилметил) диметил фосфоротиолотионат | | | + | до 50% |
| 13 | АМИТРОЛ<br>3-амино-1, 2, 4-триазол | | | | + |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | АНИЛИН<br>аминобензол | | | + | |
| 15 | АНТУ<br>1-нафтилтиоуреа | + | | | |
| 16 | АРСЕН И НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА | + | | | |
| 17 | АСУЛАМ<br>метилсулфанилилкарбамат | | | | + |
| 18 | АТРАЗИН<br>2-хлоро-4-етиламино-6-изопропиламино 1, 3, 5-триазин | | | | + |
| 19 | АЗИНФОС-метил<br>S- (3, 4-дихидро-4-оксо-бензо) (d)-1, 2, 3--триазин-3-илметил-диметил фосфоротиолотионат | + | | до 30% | |
| 20 | АЗИПРОТРИН<br>2-азидо-4- (изопропиламино) -6- (метилтио) -S-триазин | | | | + |
| 21 | АЗОТНА КИСЕЛИНА | | + | од 15% до 40% | од 1% до 15% |
| 22 | БАКАР-ХИДРОКСИД | | | | + |
| 23 | БАКАР-ОКСИХЛОРИД | | | | + |
| 24 | БАКАР-СУЛФАТ | | | | + |
| 25 | БАРИУМ-ПОЛИСУЛФИД | | | од 30% | до 30% |
| 26 | БАРИУМ-СИЛИКОФЛУОРИД | | + | од 10% до 50% | до 10% |
| 27 | БЕНАЗОЛИН<br>4-хлоро-2-оксобензотиазолин-3-ил оцетна киселина | | | | + |
| 28 | БЕНДИОКАРБ<br>2, 2-диметил-1,3-бензодиоксол-4-ил-N--метил-карбамат | + | од 5% до 20% | до 5% | |
| 29 | БЕНФЛУРАЛИН<br>N-бутил-N-етил-2, 6-динитро-4-трифлуорметиланилин | | | | + |
| 30 | БЕНОМИЛ<br>метил-1-/бутилкарбамоил/бензимидазол-2-илкарбамат | | | | + |
| 31 | БЕНТАЗОН<br>3-изопропил-/1 Н/-бензо-2, 1, 3-тиадиазин-4-он-2, 2-диоксид | | | | + |
| 32 | БЕНЗАЛДЕХИДЦИЈАНХИДРИН | + | | | |
| 33 | БЕНЗАЛКОНИУМ-ХЛОРИД<br>смеса на алкил-диметил-бензил амониумови хлориди | | | | од 5% |
| 34 | БЕНЗЕТОНИУМ-ХЛОРИД<br>диметил-/2-/2-/4-/1, 1, 3, 3-тетраметил-бутил/-фенокси/-етокси/-етил/-бензил амониум хлорид | | | | од 5% |
| 35 | БЕНЗИЛСАЛИЦИЛАТ | | | | од 10% |
| 36 | БЕНЗОИЛПРОП-етил<br>етил-2-/N-бензоил-3, 4-дихлороанилин/пропионат | | | | + |
| 37 | БЕНЗОЕВА КИСЕЛИНА | | | | од 1% |
| 38 | БЕНЗОЛ | | | + | |
| 39 | БИНАПАКРИЛ<br>2-/1-метил-n-пропил/-4, 6-динитрофенил--3 метилкротонат | | + | до 50% | |
| 40 | БОРАКС<br>Натриум-тетраборат | | | | од 50% |
| 41 | БОРНА КИСЕЛИНА | | | | од 10% |
| 42 | БРОМАЦИЛ<br>5-бромо-6-метил-3-/1-метил-n-пропил/урацил | | | | + |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 43 | БРОМФЕНОКСИМ<br>3-5-дибромо-4-хидроксибензалдехид 2, 4--динитрофенилоксим | | | | + |
| 44 | БРОМХЛОРОФЕН<br>3, 3'-дибром-5, 5'-дихлор- 2, 2'-дихидроксидифенилметан | | | | од 1% |
| 45 | БРОМОФОС<br>4-бромо-2,5-дихлорофенилдиметил фосфоротионат | | | | од 2% |
| 46 | БРОМОФОС-етил<br>О-/4-бромо-2,5-дихлорфенил/-ОО-диетил фосфоротиоат | | + | до 40% | |
| 47 | БРОМПРОПИЛАТ<br>изопропил-4,4-дибромобензилат | | | | + |
| 48 | БРОНОПОЛ<br>2-бром-2 нитропропан-1,3-диол | | | од 5% | од 0,2% до 5% |
| 49 | БУФЕНКАРБ<br>смеса: 3 дела мета-(1-метилбутил) фенил метилкарбамат и 1 дел мета-(1-етилпропил) фенилметилкарбамат | | + | до 30% | |
| 50 | БУПИРИМАТ<br>5-бутил-2-етиламино-6-метил пиримидин-4-ил-диметил сулфамат | | | | + |
| 51 | БУТАНОЛ<br>n-бутил алкохол | | | + | |
| 52 | БУТИЛАТ<br>S-етил ди-исобутил тиокарбамат | | | | + |
| 53 | БУТОКСИКАРБОКСИМ<br>триметилтиобутанон-О-метил-карбамоил-оксим | | | до 10% | од 1% до 10% |
| 54 | ЦЕТРИМИД<br>тетрадецил-триметил амониум-бромид | | | + | |
| 55 | ЦЕТРИМОНИУМ-БРОМИД<br>цетилтриметиламониумов бромид | | | | од 5% |
| 56 | Центримониум-хлорид цетилтриметиламониумов хлорид | | | | од 5% |
| 57 | ЦГА-30559<br>8-акрилоилокси-7-бром-5-хлорхинолин | | | | + |
| 58 | ЦИАНАЗИН<br>2-хлоро-4/1-циано-1-метил етил-амино/-6 етиламино-1,3,5,-триазин | | + | до 50% | |
| 59 | ЦИХЕКСАТИН<br>трициклохексил калаен хидроксид | | | + | до 50% |
| 60 | ЦИЈАНОВОДОРОДНА КИСЕЛИНА И НЕЈЗИНИ СОЛИ | + | | | |
| 61 | ЦИКЛОАТ<br>S-етил-N-циклохексил-N-етил/тиокарбамат/ | | | | + |
| 62 | ЦИКЛОХЕКСАНОН<br>кетохексаметилен | | + | | |
| 63 | ЦИНЕБ<br>полимер цинк-N,N'-етилен-бис/дитиокарбамат/ | | | | + |
| 64 | ЦИНКФОСФИД | + | до 5% | | |
| 65 | ЦИНКОВИ РАСТВОРЛИВИ СОЛИ | | | + | |
| 66 | ЦИНКПИРИДИНТИОЛ<br>цинк-2-пиридинтиол-1-оксид | | | до 5% | од 2% до 5% |
| 67 | ЦИРАМ<br>цинк диметил-дитиокарбамат | | | | + |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 68 | ДАЛАПОН<br>2-2-дихлорпропионска киселина | | | | + |
| 69 | ДАЗОМЕТ<br>тетрахидро-3,5-диметил-2H-<br>1,3,5-тиадазин-2-тион | | | + | |
| 70 | ДД<br>смеса на дихлорпропан и<br>дихлорпропен со 55%<br>врзан хлор | | + | | |
| 71 | ДДТ<br>1,1,1-трихлор-2,2ди-/4-хлор<br>фенил/-етан | | + | | |
| 72 | ДЕКАФЕНТИН<br>децилтрифенилфосфониум бромо хлоро-<br>трифенил-станат | | | + | |
| 73 | ДЕМЕФИОН<br>диметил-2-/метилтио/етил фосфоротионат<br>диметил-S-(2-метилтио/етил)<br>фосфоротиолат | + | | | |
| 74 | ДЕМЕТОН-S-метил<br>О-О-диметил-S-2-етил-тио-<br>етил-/тиофосфат | | + | | |
| 75 | ДЕСМЕДИФАМ<br>етил-3 фенил-карбамоилокси-<br>фенилкарбамат | | | | + |
| 76 | ДИАЦЕТОН-АЛКОХОЛ<br>4-хидрокси-4-метил-2-пентанон | | | | + |
| 77 | ДИАЛИФОС<br>О,О-диетил-S-/2-хлор-1-фтал-<br>имидоетил/дитиофосфат | + | до 30% | | |
| 78 | ДИАЗИНОН<br>О-О-диетил-О-/2-изопропил-<br>6-метил-4-пиримидил/тиофосфат | | + | до 25% | |
| 79 | ДИБРОМХЛОРПРОПАН | | + | | |
| 80 | ДИБРОМСАЛАМ<br>4,5-дибромсалициланилид | | | | од 2% |
| 81 | ДИЕТИЛТИОУРЕА | | | од 5% | од 0,2% до 5% |
| 82 | ДИЕТИЛТОЛУАМИД<br>N-N-диетил-мета-толуамид | | | | од 30% |
| 83 | ДИГЛИКОЛ<br>2,2' — оксидиетанол | | | | + |
| 84 | ДИФЕНАМИД<br>N,N-диметил-2, 2-дифенилацетамид | | | + | |
| 85 | ДИФЕНЗОКВАТ<br>1,2-диметил-3,5-дифенил-1H<br>пиризолиум метилсулфат | | + | | |
| 86 | ДИФЛУРОН<br>1,4-хлорфенил-3-(2,6-дифлуоробензил)<br>уреа | | | | + |
| 87 | ДИХЛОБЕНИЛ<br>2,6-дихлорбензонитрил | | | | + |
| 88 | ДИХЛОФЛУАНИД<br>N-/дихлорфлуорометил-тио/-<br>N'N'-диметил-N-фенилсулфамид | | | + | до 60% |
| 89 | ДИХЛОРЕТАН<br>етилен дихлорид | | + | | |
| 90 | ДИХЛОРОФЕН<br>4,4'-дихлор 2,2' -метилендифенол | | | | од 1% |
| 91 | ДИХЛОРПРОП<br>2/2,4-дихлорфенокси/пропионска киселина | | | + | до 70% |
| 92 | ДИХЛОРПРОПАН | | + | | |
| 93 | ДИХЛОРПРОПИЛЕН | | + | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 94 | ДИХЛОРВОС<br>О-/2,2-дихлорвинил/ О,О-диметил фосфат | + | од 20% до 50% на отворен простор | од 3% до 20% | од 1% до 3% |
| 95 | Ди-изобутил-фенокси-етокси-етил-бензилдиметил-амониум хлорид монохидрат | | | од 10% | од 5% до 10% |
| 96 | ДИКАМБА<br>3,6-дихлоро-2-метокси бензоева киселина | | | | + |
| 97 | ДИКОФОЛ<br>2,2,2-трихлоро-1,1-ди/4-хлорофенил/-етанол | | | + | до 50% |
| 98 | ДИКВАТ<br>1,1'-етилен-2,2'-бипирдиниум јон | | + | до 20% | |
| 99 | ДИМЕФОКС<br>тетраметилфосфородиамидо флуорид | + | | | |
| 100 | ДИМЕТОАТ<br>диметил-S-/N-метил-карбамоил-метил/фосфоротиолотионат | | + | од 1% до 50% | до 1% |
| 101 | ДИНИТРАМИН<br>N,N-диетил-2, 6-динитро-4-трифлуор-метил-мета-фенилендиамин | | | | + |
| 102 | ДИНОБУТОН<br>2-сек-бутил-4,6-динитрофенилизопропил карбонат | | + | до 50% | |
| 103 | ДИНОКАП<br>2,6-динитро-4-октилфенил кротонат<br>2,4-динитро-6-октилфенил кротонат | | | + | до 50% |
| 104 | ДИНОСЕБ<br>2/1-метил-пропил/4,6 динитрофенол | | + | | |
| 105 | ДИНОСЕБ-ацетат<br>2,4-динитро-6-сек, бутил фенилацетат | | + | | |
| 106 | ДИОКСАКАРБ<br>О-1,3-диоксолан-2-илфенил метилкарбамат | | + | од 3% до 10% | до 3% |
| 107 | ДИПРОПЕТРИН<br>2-етилтио-4,6-ди/изопропил-амино/1,3,5-триазин | | | | + |
| 108 | ДИСУЛФОТОН<br>диетил-S-(2/етилтио/-етил)-фосфоротиолотионат | + | до 10% | | |
| 109 | ДИТАЛИНФОС<br>ОО-диетил фталимидофосфонотиоат | | | | + |
| 110 | ДИТИАНОН<br>2,3-дициано-1,4-дитиа-антрахинон | | | + | до 50% |
| 111 | ДИУРОН<br>N'-/3,4-дихлорофенил/-N,N-диметилуреа | | | | + |
| 112 | ДНОЦ<br>4,6-динитро-орто-крезол | + | до 60% | | |
| 113 | ДОДИН<br>додецилгуанидин ацетат | | | + | до 70% |
| 114 | DOWCO 290<br>3,6-дихлорпиколинска киселина | | | | + |
| 115 | ЕНДОСУЛФАН<br>6,7,8 9,10,10-хексахлоро-1,5,5а,6,9,9а-хексахидро-6,9-метано-2,4,3-бензо-/е/-диоксатиепин-3-оксид | + | до 30% | | |
| 116 | ЕНДРИН<br>1,2,3,4,10,10-хексахлоро-6,7-епокси-1,4,4а,5,6,7,8,8а-октахидро-екзо-1,4-екзо-5,8-диметанонафталин | + | до 30% | | |
| 117 | ЕПТЦ<br>S-етил дипропилтиокарбамат | | | | + |
| 118 | ЕТИЛЕНДИАМИНОТЕТРАОЦЕТНА КИСЕЛИНА И НЕЈЗИНИ СОЛИ | | | | од 2% |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 119 | ЕТИЛЕНГЛИКОЛ | | | | + |
| 120 | ЕТИЛЕНГЛИКОЛ ДИАЦЕТАТ | | | | + |
| 121 | ЕТИЛЕНОКСИД | + | | | |
| 122 | ЕТИЛИМОЛ<br>5-бутил-2-етиламино-6-хидрокси-4-метилпиримидин | | | | + |
| 123 | ЕТИЛ-МЕТИЛ КЕТОН | | | | од 25% |
| 124 | ЕТОАТ-метил<br>S-/N-етилкарбамоил-метил/ ОО-диметил фосфородитиоат | | | + | до 30% |
| 125 | ЕТОФУМЕСАТ<br>2-етокси-2,3-дихидро-3,3-диметилбензофуран-5-ил метансулфонат | | | | + |
| 126 | ЕТОКСЕТОЛ<br>1-хидрокси-2-етоксиетан | | | | од 15% |
| 127 | ЕТОПРОФОС<br>О-етил-S,S-дипропил-фосфородитиоат | | + | до 10% | |
| 128 | ЕТРИМФОС<br>ОО-диметил-О-(2-етил-4-етокси-пиримидинил)-6-тионофосфат | | | | + |
| 129 | ФЕНИЛАМИНОПРОПАН | | + | | |
| 130 | ФЕНИЛЕНДИАМИН /мета,пара/ негови соли и деривати | | + | | |
| 131 | ФЕНИЛХИДРАЗИН | | + | | |
| 132 | ФЕНИЛИЗОПРОПИЛАМИН И СОЛИ | | + | | |
| 133 | ФЕНИЛМЕРКУРИ-ацетат | + | до 5% | | |
| 134 | ФЕНИЛМЕРКУРИ-хлорид | + | до 5% | | |
| 135 | ФЕНИТРОТИОН<br>диметил-3-метил-4-нитро фенил фосфоротионат | | + | од 5% до 50% | до 5% |
| 136 | ФЕНКАПТОН<br>S-/2,5-дихлорфенил-тиометил/ диетил фосфоротиолотионат | | + | до 50% | |
| 137 | ФЕНМЕДИФАМ<br>3-мета-толилкарбамоилокси/-фенил-карбамат | | | | + |
| 138 | ФЕНОЛ И ФЕНОЛАТИ | | | + | до 3% |
| 139 | ФЕНОТИОЛ<br>S-етил 4-хлоро-2-метил фенокси тиолоацетат | | | + | до 50% |
| 140 | ФЕНТИН-ацетат<br>трифенил калаен ацетат | | + | до 50% | |
| 141 | ФЕНТИН-хидроксид<br>трифенил калаен хидроксид | | + | до 50% | |
| 142 | ФЕНТИОН<br>диметил 3-метил-4-метилтиофенил фосфоротионат | | + | до 50% | |
| 143 | ФЕНТОАТ<br>S-алфа-етоксикарбонилбензил ОО-диметил фосфородитиоат | | | + | до 10% |
| 144 | ФЛУОМЕТУРОН<br>1,1-диметил-3-/3-алфа-трифлуоро мета-толил/уреа | | | | + |
| 145 | ФЛУОРОВОДОРОДНА КИСЕЛИНА И НЕЈЗИНИ СОЛИ | | + | | од 0,3% до 1% |
| 146 | ФЛУРЕНОЛ<br>9-хидроксифлуорен-9-карбоксилна киселина | | | | + |
| 147 | ФОКСИМ<br>алфа-цијанобензилиденамино диетил фосфоротиоат | | | | + |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 148 | ФОЛПЕТ<br>N-/трихлорметилтио/фталамид | | | | од 10% |
| 149 | ФОНОФОС<br>О-етил S-фенил етил фосфонодитиоат | + | до 10% | | |
| 150 | ФОРАТ<br>диетил-S-/етилтиометил/ фосфоротио-лотионат | + | до 10% | | |
| 151 | ФОРМАЛДЕХИД | | | + | од 2% до 10% |
| 152 | ФОРМЕТАНАТ<br>3-диметиламинометилен-имино-фенил N-метилкарбамат | + | до 15% | | |
| 153 | ФОРМОТИОН<br>S-/N-формил-N-метил-карбамоил-метил/диметил фосфоротиолотионат | | | + | |
| 154 | ФОСАЛОН<br>S-/6-хлоро-2-оксобензоксазолин-3-ил/-метил ОО-диетил фосфородитиоат | | + | до 40% | |
| 155 | ФОСФАМИДОН<br>2-хлор-2-диетилкарбамоил-1-метил-винил-диметилфосфат | + | до 20% | | |
| 156 | ФОСФОР БЕЛИ | + | | | |
| 157 | ФОСФОРНА КИСЕЛИНА-орто | | | + | од 5% до 10% |
| 158 | ФОСФОРВОДОРОД | + | на отворен простор | | |
| 159 | ФОСМЕТ<br>ОО-диметил фталимидо-метил фосфоро-тиолотионат | | + | до 50% | |
| 160 | ХЕКСАХЛОРБЕНЗОЛ | | | | + |
| 161 | ГЛИФОСАТ<br>N-/фосфонометил/глицин | | | | + |
| 162 | ХЕКСАХЛОРОФЕН<br>3,3',4,4',6,6'-хексахлор-2,2'-метилен-дифенол | | + | од 3% до 10% | од 1% до 3% |
| 163 | ХИДРОХИНОН<br>пара-дихидробензол | | | до 10% | од 2% до 10% |
| 164 | ХИНОМЕТИОНАТ<br>6-метил-2-оксо-1,3-дитиоло-/4,5бета/киноксалин | | | | + |
| 165 | ХЛОРБРОМУРОН<br>3-/4-бромо-3-хлорофенил/-1-метокси--1-метилуреа | | | | + |
| 166 | ХЛОРЕТИЛЕН<br>1,2-дихлоретан | | + | | |
| 167 | ХЛОРФАЦИНОН<br>2-/алфа-пара-хлорофенил-алфа-фе-нилацетил/-индан-1,3-дион | + | од 0,1% до 1% | до 0,09% | |
| 168 | ХЛОРФЕНАМИДИН<br>N,N-диметил-N'-/2-метил-4-хлорофе-нил/-формамидин | | + | | |
| 169 | ХЛОРФЕНЕТОЛ<br>1,1-ди-/4-хлорофенил/етанол | | | + | |
| 170 | ХЛОРФЕНСУЛФИД<br>4-хлорфенил-2,4,5-трихлор-фенилазо сулфид | | | | + |
| 171 | ХЛОРФЕНВИНФОС<br>2-хлор-1-/2,4-дихлорфенил/винил диетил фосфат | + | до 30% | | |
| 172 | ХЛОРФЕНЗОН<br>4-хлорфенил 4-хлорбензол сулфанат | | | | + |
| 173 | ХЛОР-ГАС | + | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 174 | ХЛОРХИДРОКСИХИНОЛИН<br>5-хлор-8-хидроксихинолин<br>5,7-дихлор-8-хидроксихинолин | | + | до 20% | |
| 175 | ХЛОРМЕФОС<br>S-хлорметил-ОО-диетил фосфородитиоат | + | до 10% | | |
| 176 | ХЛОРКРЕЗОЛ<br>4-хлор-3-метил-фенол | | | | од 5% |
| 177 | ХЛОРМЕКВАТ<br>2-хлоретил-триметил-амониум-хлорид | | | + | до 50% |
| 178 | ХЛОРОФОРМ | | + | од 10% до 50% | од 5% до 10% |
| 179 | ХЛОРОКСУРОН<br>N'-4/-4-хлорофенокси/-фенил-NN-диметилуреа | | | | + |
| 180 | ХЛОРОФЕН<br>хлор-3-хидрокси-6-дифенил-метан | | | | од 1% |
| 181 | ХЛОРОПРОПИЛАТ<br>изопропил 4,4-дихлоробензилат | | | | од 5% |
| 182 | ХЛОРОТАЛОНИЛ<br>тетрахлороизофталонитрил | | | | + |
| 183 | ХЛОРПИКРИН<br>трихлорнитропропан | + | | | |
| 184 | ХЛОРПИРИФОС<br>ОО-диетил О-3,5,6-трихлоро-2'-пиридил фосфоротиоат | | + | од 5% до 50% | од 2% до 5% |
| 185 | ХЛОРПРОФАМ<br>изопропил-N-/3-хлорфенил/-карбамат | | | | + |
| 186 | ХЛОРКСИЛЕНОЛ<br>4-хлор-3,5-диметил-фенол | | | | од 5% |
| 187 | ХЛОРОТОЛУРОН<br>3-/3-хлоро-пара-толил/-1,1-диметилуреа | | | | + |
| 188 | ХЛОРТАЛ<br>2,3,5,6-тетрахлоротерефталат | | | | + |
| 189 | ХРОМНА КИСЕЛИНА И НЕЈЗИНИ РАСТВОРЛИВИ СОЛИ | | + | до 1% | |
| 190 | ЈОДОФЕНФОС<br>О,О-диметил-О-/2,5-дихлор-4-јодфенил/-тионофосфат | | | | од 2% |
| 191 | ЈОКСИНИЛ<br>4-хидрокси-3,5-дијодобензонитрил | | + | до 40% | |
| 192 | КАЛЦИУМ-ФОСФИД | + | на отворен простор | | |
| 193 | Калиум N-хидроксиметил-N-метилбитиокарбамат | | | + | до 50% |
| 194 | КАЛИУМ-ХИДРОКСИД | | + | од 20% до 50% | од 5% до 20% |
| 195 | КАЛИУМ-ХЛОРАТ | | | + | |
| 196 | КАПТАФОЛ<br>N-/1,1,2,2-тетрахлоретилтио/ тетрахидрофталамид | | | | + |
| 197 | КАПТАН<br>N-/трихлорметилтио/-1,2,5,6-тетрахидрофталамид | | | | од 5% |
| 198 | КАРБАРИЛ<br>1-нафтил N-метилкарбамат | | | + | до 50% |
| 199 | КАРБЕНДАЗИМ<br>метил бензимидазол-2-илкарбамат | | | | + |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 200 | КАРБОФУРАН<br>2,3-дихидро-2,2-диметил-<br>бензофуран-7-ил метилкарбамат | + | до 10% | | |
| 201 | КАРБОКСИН<br>2,3-дихидро-6-метил-5-фенил-<br>карбамоил-1,4-оксатин | | | | + |
| 202 | КАРТАП<br>1,3-ди/карбамоилтио/-4-<br>диметиламинопропан<br>хидрохлорид | | | + | до 5% |
| 203 | КАТЕХОЛ<br>орто-дихидроксибензол | | | | од 1% |
| 204 | КЕЛЕВАН<br>етил 1,1а,3,3а,4,5,5а,5б,6-<br>декахлорооктахидро-2-хидро-<br>кси-1,3,4-метано/1Н/-цикло-<br>-бута (cd) пентален-2-левулинат | | | + | до 5% |
| 205 | КРЕОЗОТ | | + | од 3% до 30% | до 3% |
| 206 | КРЕЗОЛ<br>окситолуол | | | | + |
| 207 | КСИЛОЛ | | + | од 15% до 50% | до 15% |
| 208 | КУМАХЛОР<br>4-хидрокси-3-/1,2,3,4-<br>тетрахидро-1-нафтил-<br>кумарин/ | | + | до 1% | |
| 209 | КУМАРИН<br>бензо-алфа-пирон | | + | од 4% до 40% | од 1% до 4% |
| 210 | КВИНАЛФОС<br>ОО-диетил-О-квиноксалин-2-ил<br>фосфоротиоат | | + | до 30% | |
| 211 | КВИНТОЗЕН<br>пентахлорнитробензол | | | | + |
| 212 | ЛЕНАЦИЛ<br>3-циклохексил-6,7-дихидро-<br>1Н-циклопентапиримидин-<br>2,4/3N,5Н/-дион-3-цикло-<br>хексил-5,6-триметилен-урацил | | | | + |
| 213 | ЛЕПТОФОС<br>4-бромо-2,5-дихлорофенил<br>метил фенилфосфонотионат | + | до 50% | | |
| 214 | ЛИНДАН<br>99% гама изомер 1,2,3,4,5,6-<br>хексахлорциклохексана | | + | до 30% | |
| 215 | ЛИНУРОН<br>N-/3,4-дихлорфенил/-N-<br>-метокси N-метилуреа | | | | + |
| 216 | МАЛАТИОН<br>2-/диметокси-тио-оксо-<br>фосфороанилтио/етилсукцинат | | | | од 3% |
| 217 | МАЛЕИНХИДРАЗИД<br>1,2-дихидропиридазин 3,6-дион<br>као диетиламино соли | | | | + |
| 218 | МАНЕБ<br>мангано N,N'-етиленбис<br>/дитиокарбамат/ | | | | + |
| 219 | МАНКОЗЕБ<br>комплекс на цинк и манеб<br>/содржи 20% манган и<br>2,5% цинк/ | | | | од 1% |
| 220 | МЦПА<br>4-хлор-2-метил фенокси<br>оцетна киселина | | | + | |
| 221 | МЕКОПРОП (МЦПП)<br>2-/4-хлор-2-метилфенокси/<br>пропионска киселина | | | + | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 222 | МЕТАБЕНЗТИАЗУРОН 1-бензотиазол-2-ил-1,3-диметилуреа | | | | + |
| 223 | МЕТАЛДЕХИД | | + | од 6% до 50% | до 6% |
| 224 | МЕТАМИДОФОС O-S-диметил фосфороамидотиоат | + | до 60% | | |
| 225 | МЕТАМ-НАТРИУМ натриум N-метилдитиокарбамат | | | + | |
| 226 | МЕТАНОЛ | | + | од 10% до 50% | од 5% до 10% |
| 227 | МЕТИДАТИОН S-/2,3-дихидро-5-метокси-2-оксо-1,3,4-тиадиазол-3-илметил/ОО-диметил-фосфоротиоат | + | до 50% | | |
| 228 | МЕТИОКАРБ 4-метилтио-3,5-ксилил метилкарбамат | | + | до 40% | |
| 229 | МЕТИРАМ амониум комплекс на цинеб и полиетилентиурам дисулфид | | | | + |
| 230 | МЕТИРАМ-метил амониум комплекс на цинеб и полиметилентиурам дисулфид | | | | + |
| 231 | МЕТИФУМ метилизотиоцијанат | | + | до 50% | |
| 232 | МЕТИЛБРОМИД | + | | | |
| 233 | МЕТИЛЕНХЛОРИД | | | | од 25% |
| 234 | МЕТИЛХЛОРОФОРМ | | | | од 25% |
| 235 | МЕТИЛЕНМЕРКУРИДИЦИЈАНДИАМИД | + | до 5% | | |
| 236 | МЕТИЛСАЛИЦИЛАТ | | | од 10% | од 1% до 10% |
| 237 | МЕТОБРОМУРОН 3-/пара-бромофенил/-1-метокси-1-метилуреа | | | | + |
| 238 | МЕТОКСИЕТИЛМЕРКУРИАЦЕТАТ | + | | | |
| 239 | МЕТОКСУРОН N'-/3-хлор-4-метоксифенил/-NN-диметилуреа | | | | + |
| 240 | МЕТОМИЛ 1-/метилтио/етилиденаминометилкарбамат | + | до 30% | | |
| 241 | МЕТОПРОТРИН 2-изопропиламино-4-/3-метоксипропиламино/-6-метилтио-s-триазин | | | | + |
| 242 | МЕТРИБУЗИН 4-амино-6-терц-бутил-4,5-дихидро-3-метилтио-1,2,4-триазин-5-он | | | | + |
| 243 | МЕВИНФОС 2-метоксикарбонил-1-метилвинил диметил фосфат | + | до 10% | | |
| 244 | МГК 264 N-/2-етилхексил/норборн-5-ене-2,3-дикарбоксимид | | | | од 5% |
| 245 | МОЛИНАТ S-етил NN-хексаметилентиокарбамат | | | + | до 50% |
| 246 | МОНОКРОТОФОС 3-хидрокси-N-метилкротонамид диметил фосфат | + | до 20% | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 247 | МОНОЛИНУРОН<br>N'-/4-хлорофенил/-N-метокси-N-метилуреа | | | | + |
| 248 | НАЛЕД<br>1,2-дибромо-2,2 дихлороетилдиметил фосфат | | | + | до 40% |
| 249 | НАФТОЛ-бета | | | + | |
| 250 | НАФТИЛАМИН<br>аминонафталин | | + | | |
| 251 | НАТРИУМ-ХИДРОКСИД | | + | од 20% до 50% | од 5% до 20% |
| 252 | НАТРИУМ-ХИПОХЛОРИТ | | + | од 8% до 30% | од 8% Cl |
| 253 | НЕБУРОН<br>N-бутил-N-(3,4-дихлорфенил)-N-метилуреа | | | + | |
| 254 | НЕОПИНАМИН<br>синтетски пиретрин | | | | од 3% |
| 255 | НИКОТИН И НЕГОВИ СОЛИ | + | | | |
| 256 | НИТРОБЕНЗОЛ | + | | | |
| 257 | НИТРОФЕН<br>2,4-дихлорфенил 4-нитрофенил етер | | | | + |
| 258 | НИТРОХЛОРБЕНЗОЛ | + | | | |
| 259 | НИТРОМЕТАН | | | од 10% | од 0,5% до 10% |
| 260 | НОРБОРМИД<br>5-/алфа-хидрокси-алфа-2-пиридилбензил/-7/алфа-2-пиридилбензилиден/-норборн-5-ен-2,3-дикарбоксимид | + | до 5% | | |
| 261 | ОКСИДЕМЕТОН-метил<br>S-/2-етилсулфинил/етил/диметил фосфоротиолат | | + | | |
| 262 | ОКСИН НА БАКАР<br>комплекс на бакар и 8-хидроксихинолин | | | | + |
| 263 | ОКСАЛНА КИСЕЛИНА И НЕЈЗИНИ РАСТВОРЛИВИ СОЛИ | | + | до 2% | |
| 264 | ОМЕТОАТ<br>ОО-диметил-S-метилкарбамоилметил фосфоротиоат | + | до 50% | | |
| 265 | ОРТОТРИКРЕЗИЛФОСФАТ | + | | | |
| 266 | ПАРАДИХЛОРБЕНЗОЛ | | | | + |
| 267 | ПАРАКВАТ<br>1,1'-диметил-4,4'-бипиридилијум | + | до 25% | | |
| 268 | ПАРАЛДЕХИД | | + | | |
| 269 | ПАРАТИОН<br>О-етил-О/пара-нитрофенил/ тиофосфат | + | до 10% | | |
| 270 | ПАРАТИОН-метил<br>О-метил-О/пара-нитрофенил/тиофосфат | + | до 20% | | |
| 271 | ПЕБУЛАТ<br>S-пропил бутилетил тиокарбамат | | | | + |
| 272 | ПЕНОКСАЛИН<br>N-/1-етилпропил/-2,6-динитро-3,4-диметил-бензенамин | | | | + |
| 273 | ПЕНТАХЛОРФЕНОЛ | | + | од 5% до 50% | до 5% |
| 274 | ПЕРХЛОРНА КИСЕЛИНА И НЕЈЗИНИ СОЛИ | | + | | |
| 275 | ПИКЛОРАМ<br>4-амино-3,5,6-трихлоропиколинска киселина | | | | + |
| 276 | ПИКРИНСКА КИСЕЛИНА И НЕЈЗИНИ СОЛИ | | | + | до 1% |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 277 | ПИРАЗОФОС<br>О-6-етоксикарбонил-5-метил пиразоло/1,5а/-пиримидин-2-ил диетил фосфоротиоат | | + | до 50% | |
| 278 | ПИРАЗОН (ПЦА)<br>5-амино-4-хлоро-2-фенил-пиридазин-3-он | | | | + |
| 279 | ПИРЕТРИН — природни | | | од 40% | од 3% до 40% |
| 280 | ПИРИДИН | | + | | |
| 281 | ПИРИМИФОС-метил<br>О-2-диетиламино-6-метилпиримидин-4-ил ОО-диметилфосфоротиоат | | | во затворен простор | на отворен простор |
| 282 | ПИРОГАЛОЛ<br>1,2,3-трихидроксибензол | | + | | |
| 283 | ПРОФАМ<br>изопропил-N-фенилкарбамат | | | | + |
| 284 | ПРОМЕТРИН<br>4,6-бисизопропиламино-2-метилтио-1,3,5-триазин | | | | + |
| 285 | ПРОПАХЛОР<br>2-хлоро-N-изопропилацетанилид | | | | + |
| 286 | ПРОПАНИЛ<br>N-/3,4-дихлорфенил/-пропионамид | | | | + |
| 287 | ПРОПАРГИТ<br>2-/4-терц-бутилфенокси/-циклохексил--проп-2-инил сулфит | | | | + |
| 288 | ПРОПИЛЕНОКСИД | + | | | |
| 289 | ПРОПИНЕБ<br>/пропиленбис(дитиокарбамат)/-цинк полимер | | | | + |
| 290 | ПРОПИЗАМИД<br>3,5-дихлор-N-/1,1-диметилпропинил/бензамид | | | | + |
| 291 | ПРОПОКСУР<br>2-изопропоксифенил-N-метилкарбамат | | + | од 1% до 5% | до 1% |
| 292 | ПРОПОСАЛ<br>2-етил-6-метил-N-(1-метил-2-метоксиетил)-хлорацетанилид | | | + | |
| 293 | ПРОТОАТ<br>ОО-диетил-S-изопропилкарбамоилметил фосфородитиоат | + | | | |
| 294 | РЕСМЕТРИН<br>синтетски пиретрин | | | | од 3% |
| 295 | РЕЗОРЦИН<br>мета-дихидроксибензол | | | од 10% | од 2% до 10% |
| 296 | САЛИЦИЛНА КИСЕЛИНА | | | од 5% | од 3% до 5% |
| 297 | САНТОПХЕН<br>орто-бензил-пара-хлорфенол | | | | од 10% |
| 298 | СЕКБУМЕТОН<br>2-сек-бутиламино-4-етиламино-6-метокси-1,3,5-триазин | | | | + |
| 299 | СИЛИКОФЛУОРОВОДОРОДНА КИСЕЛИНА И НЕЈЗИНИ СОЛИ | | | | |
| 300 | СИМАЗИН<br>2-хлор-4,6-бисетиламино-1,3,5-триазин | | | | + |
| 301 | ОЦЕТНА КИСЕЛИНА | | + | | до 30% |
| 302 | СОКАЛАН<br>натриумов-дихлор изоцијанурат | | | | од 20% |
| 303 | СОЛИ НА АНТИМОН, КАЛАЈ И ОЛОВО РАСТВОРЛИВИ ВО ВОДА И ВО РАЗРЕДЕНИ КИСЕЛИНИ | | + | од 10% до 50% | до 10% |
| 304 | СОЛНА КИСЕЛИНА | | + | од 10% до 20% | од 1% до 10% |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 305 | СТРИХНИН И НЕГОВИ СОЛИ | + | | | |
| 306 | СТРОНЦИУМ-ТРИГЛИКОЛАТ | | | од 15% | од 10% до 15% |
| 307 | СУЛФОКСИД<br>1-метил-2-/3,4-метилендиоксифенил/-етилоктил сулфоксид | | | | од 5% |
| 308 | СУЛФУРНА КИСЕЛИНА | | + | од 10% до 25% | до 10% |
| 309 | ТАЛИЈ И НЕГОВИ СОЛИ | + | | | |
| 310 | ТЦА<br>натриум-трихлорацетат | | | | + |
| 311 | ТЦМТБ<br>/2-тиоцијанометилтио/-бензотиазол | | | | + |
| 312 | ТЕМАСЕПТ I<br>4,5-дибромсалициланилид<br>3,4,5-трибромсалициланилид 1 : 1 | | | | од 1% |
| 313 | ТЕМАСЕПТ II<br>95% 3,4,5-трибромсалициланилид<br>5% 3,5-дибромсалициланилид | | | од 10% | од 2% до 10% |
| 314 | ТЕМЕФОС<br>ООО'О'- тетраметил ОО'- тиоди-пара-фенилен-дифосфоротиоат | | | | + |
| 315 | ТЕРБУМЕТОН<br>2-етиламино-4-метокси-6-терц-бутиламино-S-триазин | | | + | до 50% |
| 316 | ТЕРБУТИЛАЗИН<br>2-/терц-бутиламино/-4-хлоро-6-/етиламино/-S-триазин | | | | + |
| 317 | ТЕРБУТРИН<br>4-етиламино-2-метилтио-6-терц-бутиламино-1,3,5-триазин | | | | + |
| 318 | ТЕТРАБРОМОРТОКРЕЗОЛ | | | | од 2% |
| 319 | ТЕТРАДИФОН<br>2,4,4,'5-тетрахлородифенилсулфон | | | | + |
| 320 | ТЕТРАЕТИЛ ОЛОВО | + | | | |
| 321 | ТЕТРАХЛОРВИНФОС<br>транс-2-хлоро-1-/2,4,5-трихлорофенил/винил диметил фосфат | | | | + |
| 322 | ТЕТРАСУЛ<br>4-хлорфенил 2,4,5-трихлорфенил сулфид | | | | + |
| 323 | ТИАМОНФОС | + | | | |
| 324 | ТИАЗФЛУРОН<br>2,3-диметил-1-/5-трифлуорометил--2,3,4-триадиазол-2-ил/ уреа | | | + | |
| 325 | ТИОФАНАТ-метил<br>диметил 4,4-О-фениленбис<br>/3-тио-алофанат/ | | | | + |
| 326 | ТИОГЛИКОЛНА КИСЕЛИНА<br>меркаптооцетна киселина | | | од 20% | од 15% до 20% |
| 327 | ТИОМЕТОН<br>S-(2/етилтио/етил) диметил фосфоротиолотионат | | + | до 40% | |
| 328 | ТИОУРЕА<br>тиокарбамид | + | до 10% | | |
| 329 | ТИРАМ (ТМТД)<br>бис/диметилтиокарбамил/дисулфид | | | + | од 2% до 50% |
| 330 | ТОКСАФЕН<br>хлор-камфен | | + | | |
| 331 | ТОЛУОЛ | | | од 15% | до 15% |
| 332 | ТРИАЗОФОС<br>ОО-диетил О-1-фенил-1,2,4-триазол-3-ил-фосфоротиоат | | + | до 30% | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 333 | ТРИДЕМОРФ<br>2,6-диметил-4-тридецил-морфолин | | | + | |
| 334 | ТРИЕТИЛАМИН<br>N-N-диетилетамин | | | + | |
| 335 | ТРИФЛУРАЛИН<br>2,6-динитро-NN-дипропил-4-трифлурометил анилин | | | | + |
| 336 | ТРИФОРИН<br>1,4-ди-/2,2,2-трихлор-1-формамидетил/-пиперазин | | | | + |
| 337 | ТРИХЛОРЕТИЛЕН | + | + | од 15% до 50% | до 15% |
| 338 | ТРИХЛОРФОН<br>диметил-2,2,2-трихлор-1-хидроксиетил фосфонат | | | + | до 50% |
| 339 | ТРИОКСИМЕТИЛЕН | + | + | од 5% до 40% | до 5% |
| 340 | ТРИОРТОКРЕЗИЛФОСФАТ | | | + | |
| 341 | ТРИМЕТОЗИН<br>4-/3,4,5-триметокси-бензил-морфолин/ | | | | + |
| 342 | ТРОПИТАЛ<br>1-ди-/2-/2-бутоксиетокси/етокси/-метил-3,4-метилендиоксибензол | | | | од 5% |
| 343 | ВАМИДОТИОН<br>диметил S-/2/-1-метилкарбамоил-етилтио/етил/фосфоротиолат | | + | | |
| 344 | ВАРФАРИН<br>3-/алфа-фенил-бета-ацетонилбензил/-4-хидрокси-кумарин | + | од 0,10% до 1% | до 0,09% | |
| 345 | ВЕРНОЛАТ<br>S-пропил дипропилтио карбамат | | | | + |
| 346 | ВИНКЛОЗОЛИН<br>3-(3,5-дихлорфенил)-5-метил-винил-1,3-оксазолидин-2,4-дион | | | | + |
| 347 | ВОДОРОД-ПЕРОКСИД | | + | од 12% до 20% | од 1% до 12% |
| 348 | ЈАГЛЕРОД-ДИСУЛФИД | + | | | |
| 349 | ЈЕГЛЕРОД-ТЕТРАХЛОРИД | | + | | |
| 350 | УРАНОВИ РАСТВОРЛИВИ СОЛИ И УРАНОВИ БОИ | + | | | |
| 351 | ИРГАСАН<br>2,4,4-трихлор-2-хидрокси-дифенилетар | | | | од 1% |
| 352 | ИЗОБУТАНОЛ | | | | + |
| 353 | ИЗОТИМОЛ<br>изопропил-орто-крезол | | | од 10% | од 0,5% до 10% |
| 354 | 1,3,5-триоксоетил-хексахидротриазин | | | од 2% | од 0,2% до 2% |
| 355 | 2,4-Д<br>2,4-дихлорфенокси оцетна киселина | | | + | |
| 356 | 2,4,5-Т<br>2,4,5-трихлор фенокси оцетна киселина | + | | | |
| 357 | 2,3,6-ТБА<br>2,3,6-трихлор-бензоева киселина | | | | + |

**Забелешка**

Отровот под редниот број 320 од оваа листа несе смета како отров ако се користи како додаток на бензин во концентрација до 0,6%.

151.

Врз основа на член 40 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/76), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА ПРОТОЧНИ МЕРИЛА ЗА ЗАФАТНИНА НА ГАС

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат проточните мерила за зафатнина на гас (во натамошниот текст: гасомери).

Член 2

Под гасомери, во смисла на овој правилник, се подразбираат:

1) гасомери со течност;

2) гасомери со подвижни деформирачки ѕидови (во натамошниот текст: гасомери со мевови);

3) гасомери со ротациони клипови;

4) гасомери со турбина.

Гасомерот со течност ја мери зафатнината на протечениот гас со помош на комори чија една страна ја затвора течноста со која гасомерот е наполнет до определената височина. Коморите и механизмот на кој тие се поставени се движат под влијание на притисокот на гасот и со тоа движење гасот од влезната страна на гасомерот го префрлуваат на излезната страна на гасомерот. Бројот на обртите на механизмот на кој се поставени коморите претставува мера за зафатнината на протечениот гас. Вртењето на овој механизам, на погоден начин, се пренесува на главната оска од посредната трансмисија, што го задвижува показниот уред на гасомерот.

Гасомерот со мевови ја мери зафатнината на протечениот гас со помош на комори чија една страна е подвижен деформирачки ѕид, односно мембрана од специјална кожа или материјал што во поглед на еластичноста и непропустливоста има особини слични на особините на кожа. Таа мембрана под влијание на притисокот на гасот се свиткува и со тоа свое движење го задвижува разводниот механизам за регулирање на доведувањето и одведувањето на гасот од мерните комори и главната оска на посредната трансмисија што го задвижува показниот уред на гасомерот.

Гасомерот со ротациони клипови ја мери зафатнината на протечениот гас со помош на комори чии зафатнини се определени со профилот на коморота и клиповите што под влијание на притисокот на гасот ротираат. Бројот на обртите на тие клипови претставува мера за зафатнина на протечениот гас. Вртењето на клиповите, на погоден начин, се пренесува на главната оска од посредната трансмисија што го задвижува показниот уред на гасомерот.

Гасомерот со турбина ја мери зафатнината на протечениот гас користејќи ја пропорционалноста на бројот на обртите на роторот на турбината со протечената зафатнина на гасот. Вртењето на роторот на турбината се пренесува на главната оска на посредната трансмисија што го задвижува показниот уред на гасомерот.

Член 3

Долунаведените изрази, во смисла на овој правилник, ги имаат следните значења, и тоа:

1) работен опсег на гасомерот е опсегот на протокот во кој грешките на покажувањето на гасомерот се во границите дозволени со овој правилник, и е ограничен со најмалиот ($Q_{min}$) и најголемиот ($Q_{max}$) проток;

2) зафатнина на работниот циклус на гасомерот (V) е зафатнината на гасот што му одговара на работниот циклус на гасомерот, односно на сите движења на подвижните делови на гасомерот, почнувајќи од една положба па сè додека сите тие делови, освен показниот уред и посредната трансмисија, не ќе ја заземат повторно истата положба (како и на почетокот)·

3) работен притисок на гасомерот е разликата помеѓу притисокот (апсолутен) на гасот на влезот во гасомерот и атмосферскиот притисок;

4) референтен притисок на гасомерот е притисокот на гасот за кој е меродавна вредноста што ќе ја покаже показниот уред на гасомерот;

5) пад на притисокот во гасомерот е разликата помеѓу притисокот на гасот мерен на влезот на гасомерот и притисокот на гасот мерен на излезот на гасомерот додека гасот протечува;

6) константа на излезната команда на гасомерот е вредноста на зафатнината на гасот што му одговара на целосниот обрт на оската од таа команда односно определениот број импулси од давачот на импулси;

7) вградна должина на гасомерот е должината што гасомерот ја зазема во цевоводот;

8) називен отвор на гасомерот е внатрешниот пречник на приклучоците на гасомерот.

### II. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

#### 1. Конструкција

Член 4

Материјалот од кој се изработуваат гасомерите мора да биде цврст и непорозен, без внатрешни напрегања, во текот на времето незначително да ги менува своите особини и да е доволно отпорен на корозија и на дејство на гасовите чија зафатнина се мери.

Член 5

Куќиштето на гасомерот мора да биде непропустливо при најголем работен притисок на гасомерот.

Член 6

Гасомерите мораат да бидат конструирани така што да се оневозможат зафати со кои може да се влијае врз точноста на мерењето.

Се смета дека е исполнет условот од став 1 на овој член ако со конструкцијата на гасомерите предвидените места за втиснување на жигови се такви што без уништување на втиснатите жигови да не можат да се изведат зафати со кои може да се влијае врз точноста на мерењето.

#### 2. Додатни уреди

Член 7

Гасомерите можат да имаа додатни уреди (за корекција, регистрирање дополнително покажување и др.). Додатните уреди ги ставаат во погон излезните команди на гасомерот.

Член 8

Излезните команди на гасомерот можат да бидат механички (оски што излегуваат од куќиштето на гасомерот) или електрични (импулси од давачи на импулси вградени во гасомерите).

Покрај механичката излезна команда мора да биде запишана вредноста на нејзината константа во облик:

1 tr $\triangleq$ ——— $m^3$ (или $dm^3$).

Покрај електричната излезна команда мора да биде запишана вредноста на нејзината константа во облик:

1 imp $\triangleq$ ——— $m^3$ (или $dm^3$); или

1 $m^3$ $\triangleq$ ——— imp.

Член 9

Ако излезната команда не се користи, нејзиниот надворешен слободен извод се заштитува со соодветен затворач, кој мора да биде изработен така што врз него да може да се втисне жиг, без чие уништување е невозможно да се прије до излезната команда.

### 3. Натписи и ознаки

Член 10

На плочата на показниот уред или на посебната таблица на гасомерот мора, на траен начин, на еден од јазиците и писмата на народите на Југославија да се испише, и тоа:

1) фирмата или називот на производителот;

2) ознаката на големината на гасомерот;

3) службената ознака на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали;

4) серискиот број и годината на производството на гасомерот;

5) најголемиот проток ($Q_{max}$ ——— $m^3/h$);

6) најмалиот проток $Q_{min}$ ——— $m^3/h$ или $dm^3/h$);

7) најголемиот работен притисок $p_{max}$ ——— Pa или кPa, или bar, или mbar);

8) називната вредност на зафатнината на работниот циклус, освен за гасомери со турбина (V ——— $m^3$ или $dm^3$);

9) називот на течноста со која се полни гасомерот со течност.

Дозволено е и запишување на ознаката што на гасомерот му ја дал производителот.

Ако натписите и ознаките од ст. 1 и 2 на овој член се испишани на посебна таблица, таа мора да биде изработена така што врз неа да може да се втисне жиг, без чие уништување таблицата не може да се симне.

Член 11

На гасомерите чиј показни уред означува само еден правец на протечување на гасот задолжително е ставање на неизбришлива стрелка што ќе го покажува тој правец.

Член 12

На таблицата на гасомерите што се наменети за мерење на зафатнина само на еден вид гас, мора да се испише називот на гасот чија зафатнина се мери.

Член 13

Сите натписи и ознаки на таблицата треба да бидат видливи и лесно читливи и кога гасомерите се во употреба.

### 4. Показен уред

Член 14

Показниот уред на гасомерот го сочинуваат:

1) основен дел на гасомерот на уредот;

2) сопствен контролен елемент или приклучок за контролниот елемент.

Член 15

Основниот дел на показниот уред се состои од тркалца обележани со броеви од 0 до 9.

Движењето на еден број на кое и да било тркалце, освен на последното, треба да настапи штом тркалцето од пониско десетно место ќе ја опише последната десетица на својот пат (број 9).

Движењето на еден број на последното тркалце треба да настапи штом сопствениот контролен елемент или приклучок за контролниот елемент ќе се сврти за полн обрт или десетти дел од полниот обрт.

Пречникот на тркалцето мора да изнесува најмалку 16 mm.

Член 16

Сопствениот контролен елемент е последниот составен дел од показниот уред и може да има:

1) тркалце обележано со броеви од 0 до 9, со поделба и со репер; или

2) неподвижен бројник со поделба и со подвижна стрелка; или

3) подвижен бројник со поделба и со репер.

Вредноста на секој поделок на сопствениот контролен елемент мора да биде претставена во облик $1 \times 10^n$ или $2 \times 10^n$ или $5 \times 10^n$ $m^3$ (каде n е цел број — позитивен, негативен или нула).

Цртите на поделбата мораат да бидат јасни и еднообразно исцртани. Со поголема должина мораат да се обележат:

1) секоја петта црта — ако вредноста на поделокот е $1 \times 10^n$ или $2 \times 10^n$ $m^3$;

2) секоја втора црта — ако вредноста на поделокот е $5 \times 10$ $m^3$;

Растојанието помеѓу цртите на поделбата не смее да биде помало од 1mm и мора да биде рамномерно.

Стрелката или реперот мора да биде доволно тенок и да лежи што поблиску до површината со поделбата за да се обезбеди сигурно и лесно исчитување.

Движењето на сопствениот контролен елемент мора ди биде континуелно.

Пречникот на тркалцето од точка 1 став 1 на овој член мора да биде еднаков со пречникот на тркалцето на основниот дел на показниот уред.

Пречникот на бројникот од точка 2 и 3 од став 1 на овој член мора да изнесува најмалку 32 mm.

Член 17

Приклучокот за контролниот елемент е излезна команда на гасомерот, која мора да биде сместена непосредно кон основниот дел на показниот уред и покрај која мора да биде запишана вредноста на нејзината константа во еден од облиците утврдени во член 8 од овој правилник.

Член 18

Сите броеви на одделно тркалце или бројник, зависно од нивната положба, мораат да означуваат кубни метри или декадни умножоци или децимални делови на кубниот метар.

Исчитувањето од показниот уред мора да биде во кубни метри. Заради тоа на плочата на показниот уред мора да стои ознаката $m^3$.

Ако показниот уред има тркалце (или тркалца односно бројник) што означува децимални делови на кубниот метар, исчитувањето во кубни метри се обезбедува така што на плочата на показниот уред на тоа тркалце (или тркалца односно бројник) се одвојува со запирка, што се гледа јасно, од тркалцата што означуваат кубни метри и нивните декадни умножоци и што тоа тркалце (или тркалца односно бројник) јасно се разликува (на пример, по бојата на полето на плочата на показниот уред) од тркалцата што се наоѓаат пред запирката.

Ако последното тркалце или бројник на показниот уред означува декадни умножоци на кубниот метар, исчитувањето во кубни метри се обезбедува така што на плочата на показниот уред по последното тркалце или бројник се испишуваат една, две или повеќе нули.

Член 19

Бројот на тркалцата на показниот уред треба да биде толкав што да се обезбеди исчитување на зафатнината на гасот што ќе протече низ гасомерот за време од 1000 часови работа при најголемиот проток на гасомерите ($Q_{max}$).

### 5. Типско испитување

Член 20

Типското испитување на гасомерот го опфаќа:

1) надворешниот преглед;

2) разработувањето;

3) испитувањето на непропустливоста на куќиштето;

4) испитувањето на зафатнината на работниот циклус (освен за гасомери со турбина);

5) испитувањето на работниот опсег;

6) испитувањето на издржливоста.

Член 21

Со надворешен преглед се утврдува дали карактеристиките на гасомерот (облик, состав, натписи и ознаки) се во согласност со одредбите од овој правилник.

Член 22

Разработувањето на гасомерот се врши со воздух густина приближно 1,2 $kg/m^3$ (тоа е воздух чија температура е помеѓу 288,15 и 298,15 K, односно помеѓу 15 и 25°C, а чиј притисок од нормалниот атмосферски притисок не се разликува за повеќе од ± 5%) (или во гас, така што гасомерот се пушта во работа во траење од најмалку 10 минути при протокот 0,5 $Q_{max}$, каде што $Q_{max}$ е најголем проток на гасомерот што се разработува.

Разработувањето на гасомерот може да се врши на уредот за испитување на гасомерот или на специјално направена патека или приклучок за разработување со помош на компримиран воздух или со вентилатор.

Член 23

Испитувањето на непропустливоста на куќиштето на гасомерот на уредот со ѕвоно се врши така што гасомерот се поставува во испитната линија па низ него најголем работен притисок што уредот може да го оствари и при најголем проток на гасомерот во траење од една минута се пропушта воздух со густина приближно 1,2 $kg/m^3$, по што се затвораат излезниот вентил на испитната линија и влезниот вентил.

Испитувањето на непропустливоста на куќиштето на гасомерот на уредот со еталон гасомер се врши така што гасомерот се поставува во испитната линија, па со пуштање на вентилаторот во работа низ гасомерот се шмука (или издувува) при најголем проток на гасомерот во траење од една минута воздух со густина приближно 1,2 $kg/m^3$, по што се затвораат влезните па излезните вентили (или обратно) така што да се создаде потпритисок (или натпритисок) до најмногу очекуваниот потпритисок (или натпритисок) за времето на испитувањето, односно до 1kPa (1 кPa = 10 mbar), ако најмногу очекуваниот потпритисок (или натпритисок) е помал.

По 5 минути (време потребно за стабилизација на температурата и на притисокот на воздухот во затворениот дел на испитната линија) се исчитуваат притисокот и температурата на воздухот во затворениот дел на испитната линија. Куќиштето на гасомерот се смета како непропустливо ако во текот на натамошните 6 минути температурата и притисокот на воздухот во затворениот дел на испитната линија не се промениле.

Член 24

Испитувањето на зафатнината на работниот циклус на гасомерот се врши на уредот за испитување на гасомерот така што низ гасомерот при проток од 0,5 $Q_{max}$, каде што $Q_{max}$е најголем проток на гасомерот што се испитува, се пропушта определена зафатнина на воздух со густина приближно 1,2 $kg/m^3$. Зафатнината на пропуштениот воздух мора да биде најмалку пет пати поголема од зафатнината на работниот циклус на гасомерот што е означена на гасомерот.

Фактичната зафатнина на работниот циклус на гасомерот се пресметува така што вкупната пропуштена зафатнина на воздухот, прочитана на скалата на уредот за испитување на гасомерот, ќе се подели со бројот на обртите на главната оска на гасомерот.

Разликата помеѓу пресметаната вредност на зафатнината на работниот циклус и називната вредност на таа зафатнина (означена на гасомерот) не смее да биде поголема од ± 5% од називната вредност.

Член 25

Испитувањето на работниот опсег на гасомерот се врши со воздух со густина приближно 1,2 $kg/m^3$ на уредот за испитување на гасомери.

Работниот опсег на гасомерот со течност и на гасомерот со мевови се испитува така што се снимаат кривата линија на релативните грешки на гасомерот (изразени во проценти) во функцијата на протекот од $Q_{min}$ до $Q_{max}$ (во натамошниот текст: крива линија на грешките) и кривата линија на падот на притисокот во гасомерот во функцијата на протокот од $Q_{min}$ до $Q_{max}$.

Работниот опсег на гасомерот од став 2 на овој член правилно е определен ако отстапувањето помеѓу максимумот и минимумот на кривата линија на грешките не е поголемо од 3% за гасомерите со мевови, односно 1,5% за гасомерите со течност, а истовремено падовите на притисокот во гасомерите со мевови да не се поголеми од оние што се утврдени со член 37 од овој правилник.

Работниот опсег на гасомерот со ротациони клипови и на гасомерот со турбина се испитува така што се снима кривата линија на грешките. Работниот опсег на гасомерот правилно е определен ако кривата линија на грешките:

1) протоците од $Q_{min}$ до 0,2 $Q_{max}$ — се наоѓа внатре во опсегот на грешката од ± 2%;

2) за протоците од 0,2 $Q_{max}$ до 0,5 $Q_{max}$ — се наоѓа внатре во опсегот на грешката од ±1%;

3) за протоците од 0,5 $Q_{max}$ до $Q_{max}$ — се наоѓа внатре во опсегот на грешката од ±1%, под услов отстапувањето помеѓу максимумот и минимумот на кривата линија на грешките во овој случај да не биде поголемо од 1%.

Член 26

Испитувањето на издржливоста на гасомерите опфаќа:

1) работа на гасомерот со воздух со густина приближно 1,2 $kg/m^3$ или со гас при најголем проток на гасомерот, а во траење од 1000 часови, без прекини или со прекини но така што да биде завршена за шест месеци.

2) снимање на кривата линија на грешките;

3) снимање на кривата линија на падот на притисокот во гасомерот во функцијата на протокот од $Q_{min}$ до $Q_{max}$ освен за гасомерите со ротациони клипови и за гасомерите со турбина.

Гасомерите со течност и гасомерите со мевови се сметаат за доволно издржливи ако:

1) отстапувањето помеѓу максимумот и минимумот на кривата линија на грешките не е поголемо од 4% за гасомерите со мевови, односно од 2% за гасомерите со течност;

2) ниедна точка на кривата линија на грешките не е за повеќе од 1,5% за гасомерите со мевови, односно за повеќе од 0,75% за гасомерите со течност над максимумот или под минимумот на кривата линија на грешките снимена пред испитувањето на издржливоста;

3) падот на притисокот при $Q_{min}$ не е за повеќе од 20 Pa (20 Pa = 0,2 mbar) поголем од падот на притисокот при $Q_{min}$ пред испитувањето на издржливоста.

Гасомерите со ротациони клипови и гасомерите со турбина се сметаат за доволно издржливи ако кривата линија на грешките:

1) за протоците од $Q_{min}$ до 0,2 $Q_{max}$ — лежи внатре во опсегот на грешката од ±2%;

2) за протоците од 0,2 $Q_{max}$ до 0,5 $Q_{max}$ — лежи внатре во опсегот на грешката од ±1%;

3) за протоците од 0,5 $Q_{max}$ до $Q_{max}$ — лежи внатре во опсегот на грешката од ±1%, под услов отстапувањето помеѓу максимумот и минимумот на кривата линија на грешките во овој случај да не биде поголемо од 1,5%;

4) во ниедна точка не отстапува за повеќе од 1% во однос на кривата линија на грешките снимена пред испитувањето на издржливоста.

## III. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Гасомери со течност

Член 27

Гасомерите со течност се полнат со дестилирана вода или со ретко минерално масло.

Отворот за сипење течност мора да биде конструиран така што по правилно извршеното полнење на гасомерот да биде непропустлив при најголем работен притисок и без поставен затворач на отворот.

Гасомерите мораат да имаат и покажувач на нивото на течноста и вентили за испуштање на течноста.

Член 28

Гасомерите, кај кои точноста на мерењето зависи од нивната положба, мораат да бидат конструирани така што нивната положба да може да се дотерува. Тие гасомери мораат да имаат направа (либела, висулец и др.), со помош на која се утврдува правилноста на нивната положба.

Член 29

Гасомерите можат да имаат отвори во кои можат да се поставаат термометар и манометар.

Член 30

Работните опсези, ознаките на големините, зафатнините на работните циклуси и вредностите на најмалите поделоци и на најмалите бројчени ознаки се утврдуваат во соодветните одобренија за преглед и жигосување.

Член 31

Најголемата дозволена грешка на покажувањето на гасомерот, при прегледот, изнесува ±1% во целиот работен опсег на гасомерот.

Член 32

Најголемите дозволени падови на притисокот во гасомерот, при прегледот, се утврдуваат во соодветните одобренија за преглед и жигосување.

### 2. Гасомери со мевови

Член 33

Гасомерите со мевови можат да се изработуваат со работните опсези наведени во следната табела:

| Ознака за големината на гасомерот | Најголем проток $Q_{max}$($m^3$/h) | Најмал проток $Q_{min}$($m^3$/h) |
|---|---|---|
| G 1,6 | 2,5 | 0,016 |
| G 2,5 | 4 | 0,025 |
| G 4 | 6 | 0,040 |
| G 6 | 10 | 0,060 |
| G 10 | 16 | 0,100 |
| G 16 | 25 | 0,160 |
| G 25 | 40 | 0,250 |
| G 40 | 65 | 0,400 |
| G 65 | 100 | 0,650 |
| G 100 | 160 | 1,000 |
| G 160 | 250 | 1,600 |
| G 250 | 400 | 2,500 |
| G 400 | 650 | 4,000 |
| G 650 | 1000 | 6,500 |

Најмалиот проток ($Q_{min}$) може да има и помала вредност од онаа што е утврдена во табелата од став 1 на овој член, но така што таа помала вредност да биде некоја од вредностите од таа табела или децимален дел на некоја од вредностите од табелата.

Член 34

Најмалите зафатнини на работните циклуси на одделни гасомери се определени со табелата:

| Ознака за големината на гасомерот | G 1,6 | G 2,5 | G 4 | G 6 | G 10 | G 16 | G 25 | G 40 | G 65 | G 100 | G 160 | G 250 | G 400 | G 650 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Најмала зафатнина на работниот циклус. V ($dm^3$) | 0,7 | 1,2 | 2,0 | 3,5 | 6,0 | 10 | 18 | 30 | 55 | 100 | 200 | 400 | 900 | 2000 |

Типско испитување се врши и за гасомери со помали зафатнини на работниот циклус, но при испитувањето на нивната издржливост работата на гасомерот ќе трае 2000 часови.

Член 35

Гасомерите G1,6 до G6 мораат да имаат сопствен контролен елемент, а гасомерите G10 до G650 можат да имаат било сопствен контролен елемент било приклучок за контролен елемент. Вредноста на поделоците и бројчените ознаки за одделни гасомери се определени со табелата:

| Ознака на големината на гасомерот | Најголема вредност за поделокот | Бројчена ознака |
|---|---|---|
| G 1,6 до G 6 | 0,2 $dm^3$ | 1 $dm^3$ |
| G 10 до G 65 | 2 $dm^3$ | 10 $dm^3$ |
| G 100 до G 650 | 20 $dm^3$ | 100 $dm^3$ |

Член 36

Најголемите дозволени грешки на покажувањето на гасомерите со мевови, при прегледот, изнесуваат:

1) ±3% — за протоци (Q) што ја задоволуваат неравенката $Q_{min} \leq Q < 2 Q_{min}$;

2) ±2% — за протоци (Q) што ја задоволуваат неравенката $2 Q_{min} \leq Q \leq Q_{max}$.

Член 37

Најголемите дозволени падови на притисокот во гасомерите со мевови, при прегледот, се определени со табелата:

| Ознака за големината на гасомерот | Вредонст на најголемиот дозволен пад на притисокот при $Q_{max}$ | $Q_{min} \leq Q < 2 Q_{min}$ |
|---|---|---|
| G 1,6 до G 10 | 200 Pa (2 mbar) | 60 Pa (0,6 mbar) |
| G 16 до G 40 | 300 Pa (3 mbar) | |
| G 65 до G 650 | 400 Pa (4 mbar) | 100 Pa (1 mbar) |

### 3. Гасомери со ротациони клипови и гасомери со турбина

Член 38

Гасомерите со ротациони клипови мораат да имаат два отвора за мерење на притисоци на гасот,

со пречник 3 до 10 mm, од кои едниот е на влезот, а вториот на излезот од гасомерот. Притисокот на гасот мерен на влезот во гасомерот претставува референтен притисок.

Гасомерите со турбина мораат да имаат отвор за мерење на притисокот на гасот непосредно пред турбината. Притисокот на гасот мерен на тој отвор претставува референтен притисок.

Ако пред турбината постои уред за затворање на протокот на гасот, гасомерот со турбина може да има и отвор за мерење на притисокот на гасот сместен веднаш пред уредот за затворање на протокот на гасот.

Член 39

Отворите за мерење на притисок на гасот мораат да имаат затворачи.

На погодно место покрај отворот за мерење на референтниот притисок се испишува на траен начин ознаката „$p_r$“, а покрај вториот отвор — ознаката „p“.

На гасомерот, кој може да ја мери протечената зафатнина во обата правца, двата отвора се обележуваат со „$p_r$“, со тоа што покрај секоја ознака мора да се стави и стрелка што го означува правецот на протечувањето на гасот за кој ознаката важи.

Член 40

Вградната должина на гасомерот со турбина треба да изнесува најмалку три називни отвори на гасомерот.

Ако гасомерот со турбина не ги исполнува условите од став 1 на овој член, во одобрението за преглед и жигосување се предвидуваат услови за неговото вградување.

Член 41

Гасомерите со ротациони клипови и гасомерите со турбина можат да се изработуваат со работните опсези наведени во следната табела:

| Ознака за големината на гасомерот | Најголем проток $Q_{max}(m^3/h)$ | Најмал проток $Q_{min}(m^3/h)$ Мал опсег | Среден опсег | Голем опсег |
|---|---|---|---|---|
| G 25 | 40 | 8 | 4 | 2 |
| G 40 | 65 | 13 | 6 | 3 |
| G 65 | 100 | 20 | 10 | 5 |
| G 100 | 160 | 32 | 16 | 8 |
| G 160 | 250 | 50 | 25 | 13 |
| G 250 | 400 | 80 | 40 | 20 |
| G 400 | 650 | 130 | 65 | 32 |
| G 650 | 1000 | 200 | 100 | 50 |
| G 1000 | 1600 | 320 | 160 | 80 |

Можат да се изработуваат и гасомери со поголеми работни опсези од последната големина наведена во табелата од став 1 на овој член, но така што вредностите за $Q_{max}$ и $Q_{min}$ да им бидат декадна умножка на вредностите за $Q_{max}$ и $Q_{min}$ на некоја од последнате пет големини од таа табела.

Член 42

Вредноста на поделоците и бројчените ознаки за одделни гасомери се определени со табелата:

| Ознака за големината на гасомерот | Најголема вредност за поделокот | Бројчена ознака |
|---|---|---|
| G 25 до G 65 | 2 dm³ | 0,01 m³ |
| G 100 до G 650 | 20 dm³ | 0,1 m³ |
| G 1000 до G 6500 | 200 dm³ | 1 m³ |
| G 10000 и повеќе | 2000 dm³ | 10 m³ |

Член 43

Најголемите дозволени грешки на покажувањето на гасомерите со ротациони клипови и на гасомерите со турбина, при прегледот изнесуваат:

1) ±2% — за протоци (Q) што ја задоволуваат неравенката $Q_{min} \leq Q < 0{,}2\ Q_{max}$;

2) ±1% — за протоци (Q) што ја задоволуваат неравенката $0{,}2\ Q_{max} \leq Q \leq Q_{max}$.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 44

Гасомерите, за кои Сојузниот завод за мери и скапоцени метали издал одобренија за преглед и жигосување пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, ќе се примаат на прв преглед најдалеку до 31 јули 1977 година, а на повремени прегледи најдалеку до 31 декември 1985 година.

Одредбата на став 1 од овој член не се однесува на гасомерите за кои Сојузниот завод за мери и скапоцени метали издал одобрение за преглед и жигосување пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, а кои ги имаат следните службени ознаки на Заводот: ZB-30.T; ZB-29.R; B-28.T; B-27.R; B-26; B-25; B-24.T; B-23.T; B-19.R (освен типот што има ознака на производителот: R-11).

Член 45

Гасомерите од член 44 став 1 од овој правилник ќе се примаат на преглед и по роковите определени во тој став ако се преправат така што да ги исполнуваат сите услови предвидени со овој правилник.

Член 46

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 0204-190/2
21 февруари 1977 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали,
**Петар Ковинчиќ**, с. р.

---

**152.**

Врз основа на член 40 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 13/76), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА МЕРИЛАТА ШТО ЈА КОРИГИРААТ ЗАФАТНИНАТА НА ПРОТЕЧЕН ГАС

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат мерилата што ја коригираат зафатнината на протечен гас (во натамошниот текст: коректорите).

Член 2

Изразите употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) нормална состојба на гас е онаа состојба на гас во која гасот има притисок (апсолутен)

$p_n$ = 101325 Pa, односно $p_n$ = 1,01325 bar и температура $T_n$ = 273,15 K, односно $t_n$ = 0°C;

2) фактор на корекцијата е коефициент со кој се множи вредноста на зафатнината на гасот измерена при постојните услови на мерење за да се добие вредноста на зафатнината на гасот што ѝ одговара на нормалната состојба на гасот;

3) фактор на компресибилноста на гасот е параметар на гасот со кој се дефинира отстапувањето во однесувањето на гасот во однос на однесувањето на идеалните гасови;

4) опсег на работните притисоци на коректорот е опсегот ограничен со најмалиот ($p_{min}$) и најголемиот ($p_{max}$) работен притисок;

5) опсег на работните температури на коректорот е опсегот ограничен со најмалата ($T_{min}$ или $t_{min}$) и најголемата ($T_{max}$ или $t_{max}$) работна температура;

6) работен опсег на коректорот е опсегот на работните притисоци и опсегот на работните температури.

Член 3

Под коректори, во смисла на овој правилник, се подразбираат мерилата што вредноста на зафатнината на гасот измерена при постојните услови на мерење автоматски ја сведуваат на вредноста на зафатнината на гасот што ѝ одговара на нормалната состојба на гасот.

Сведувањето на вредноста на зафатнината на гасот што ѝ одговара на нормалната состојба на гасот се врши за гас чија релативна влажност е φ = 0 (сув гас), а според следниот образец:

$$V_n = V \cdot \frac{p + pa}{p_n} \cdot \frac{T_n}{T} \cdot \frac{1}{K},$$

каде што е:

$V_n$ — зафатнина на гасот што ѝ одговара на нормалната состојба на гасот;

V — зафатнина на гасот измерена при постојните услови на мерење;

p — работен притисок на гасот;

pa — атмосферски притисок;

$p_n$ — 101325 Pa;

$T_n$ — 273,15 K;

T — работна температура на гасот;

K — фактор на компресибилноста на гасот.

Член 4

Во јавниот сообраќај можат да се употребуваат:

1) коректори според притисок;

2) коректори според температура;

3) коректори според притисок и температура.

Коректорите според притисок го мерат притисокот (работен или апсолутен) и зафатнината на гасот при постојните услови на мерење, а се употребуваат во инсталации во кои температурата на гасот не се менува за повеќе од ±0,5% од определената температура на гасот.

Коректори според температура ја мерат температурата и зафатнината на гасот при постојните услови за мерење, а се употребуваат во инсталации во кои притисокот на гасот не се менува за повеќе од ±0,5% од определениот притисок на гасот.

Коректори според притисок и температура ги мерат притисокот (работен или апсолутен), температурата и зафатнината на гасот при постојните услови на мерење.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Конструкција

Член 5

Материјалот од кој се изработуваат коректорите мора да биде цврст и во текот на времето незначително да ги менува своите особини.

Материјалот од кој се изработуваат коректорите што се вградуваат во цевовод мора да биде и непорозен, без внатрешни напрегања и доволно отпорен на корозија и на дејството на гасовите чија зафатнина се мери.

Член 6

Куќиштето на коректорот што се вградува во цевовод мора да биде непропустливо при најголем работен притисок на коректорот.

Член 7

Коректорите мораат да бидат конструирани така што да се оневозможат зафати со кои може да се влијае врз точноста на мерењето.

Се смета дека е исполнет условот од став 1 на овој член ако со конструкцијата на коректорите предвидените места за втиснување на жиг се такви што без уништување на втиснатите жигови да не можат да се изведат зафати со кои може да се влијае врз точноста на мерењето.

Член 8

Коректорите според притисок мораат да имаат покажувач на притисок на гасот, коректорите според температура мораат да имаат покажувач на температурата на гасот, а коректорите според притисок и температура мораат да имаат и покажувач на притисок на гасот и покажувач на температурата на гасот.

Граничните вредности на покажувачите од став 1 на овој член мораат да бидат определени така што грешката да не им е поголема од ± 5%.

### 2. Вредност на параметрите

Член 9

Опсегот на работните притисоци на коректорот мора да биде определен така што односот на најголемиот и најмалиот работен притисок да биде еднаков или поголем од 2.

Член 10

Опсегот на работните температури на коректорот мора да има широчина од најмалку 50 K, односно 50°C.

Член 11

Факторот на компресибилноста на гасот мора да биде однапред познат и зависно од неговите вредности во работниот опсег на коректорот:

1) се изразува со средна вредност (константен број) — ако промените на вредноста на факторот на компресибилноста се во опсег ±0,5% од таа средна вредност;

2) се прикажува со образец, дијаграм или табела — ако промените на вредноста на факторот на компресибилноста се во опсег поголем од ± 0,5% од средната вредност.

Ако факторот на компресибилноста на гасот е прикажан со образец, дијаграм или табела што ја определуваат вредноста на факторот на компресибилноста на гасот, зависно од притисокот и температурата на гасот образецот, дијаграмот или табелата мораат за кој и да било притисок и температура од работниот опсег на коректорот, да ја определат вредноста на факторот на компресибилноста на гасот така што грешката да не биде поголема од ±0,5%.

Дијаграмот или табелата од став 2 на овој член се поставуваат на капакот на коректорот од внатрешната страна или на самиот коректор од надворешната страна. Ако дијаграмот или табелата е поставена на самиот коректор од надворешната страна мора да биде изработена така што врз неа да може да се втисне жигот без чие уништување таа не може да се симне.

Член 12

За коректорите според притисок мора да биде однапред позната вредноста на средната температура на мерениот гас.

Член 13

За коректорите според температура мора да биде однапред позната вредноста на средниот работен притисок на мерениот гас.

Член 14

За коректорите што го мерат работниот притисок на гасот и за коректорите според температура мора да биде однапред позната вредноста на средниот годишен атмосферски притисок за подрачјето на кое ќе се употребува коректорот.

### 3. Натписи и ознаки

Член 15

На посебна таблица на коректорот мора, на траен начин, на еден од јазиците и писмата на народите на Југославија да се испише, и тоа:

1) фирмата или називот на производителот;

2) називот на коректорот (коректор за зафатнина на сув гас);

3) службената ознака на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали;

4) сериският број и годината на производството на коректорот;

5) вредноста на факторот на компресибилноста на гасот (K ——— или 1/K ———), освен за коректорите чиј фактор на компресибилност на гасот е претставен со дијаграм или табела;

6) вредноста на опсегот на работните притисоци (p ——— до ——— Pa, или kPa, или bar, или mbar), освен за коректори според температурата;

7) вредноста на опсегот на работните температури (T ——— до ——— K или t ——— до ——— °C), освен за коректори според притисок;

8) вредностите за нормалната состојба на гасот ($p_n$ = 101325 Pa или $p_n$ = 1,01325 bar, $T_n$ = 273,15 K или $t_n$ = 0°C);

9) вредноста на константата на излезната команда на гасомерот на кој коректорот може да се приклучи.

10) вредноста на средниот годишен атмосферски притисок за подрачјето на кое коректорот може да се употребува pa ——————Pa, или kPa, или bar, или mbar) — само за коректорите од член 14 на овој правилник;

11) вредноста на средната температура на мерениот гас ($T_{sr}$ ——— K или $t_{sr}$ ——— 0°C) — само за коректорите според притисок;

12) вредноста на средниот работен притисок на мерениот гас ($p_{sr}$ ——— Pa, или кPa, или bar, или mbar), — само за коректорите според температура.

Дозволено е и запишување на ознаката што на коректорот му ја дал производителот.

Член 16

Таблицата на која се испишани натписите и ознаките од член 15 на овој правилник мора да биде изработена така што врз неа да може да се втисне жиг без чие уништување таблицата не може да се симне.

Член 17

Сите натписи и ознаки на таблицата треба да бидат видливи и лесно читливи и кога коректорите се во употреба.

### 4. Показен уред

Член 18

Показниот уред на коректори го сочинуваат:

1) основниот дел на показниот уред;

2) контролниот елемент.

Член 19

Основниот дел на показниот уред се состои од тркалца обележени со броеви од 0 до 9.

Задвижување на еден број на кое и да било тркалце, освен на последното, треба да настапи штом тркалцето од пониското десетно место ќе ја опише задната десетица на својот пат (број 9).

Задвижување на еден број на последното тркалце треба да настапи штом контролниот елемент ќе се сврти за полн обрт или за десетти дел од полн обрт.

Пречникот на тркалцето мора да изнесува најмалку 16mm.

Член 20

Контролниот елемент е последен составен дел од показниот уред и може да има:

1) тркалце обележено со броевите од 0 до 9 со поделба и со репер; или

2) неподвижен бројник со поделба и со подвижна стрелка; или

3) подвижен бројник со поделба и со репер.

Вредноста на секој поделок на контролниот елемент мора да биде претставена во облик 1 × $10^n$ или 2 × $10^n$ или 5 × $10^n$ $m^3$ (каде што n е цел број — позитивен, негативен или нула) и да биде најмногу еднаква на производот на вредноста на поделокот на контролниот елемент на гасомерот (кон кој се приклучува коректорот) и најголемата вредност на факторот на корекцијата, односно да биде 200 $m^3$ ако тој производ е поголем од 200 $m^3$.

Цртите на поделбата мораат да бидат јасни и еднообразно исцртани. Со поголема должина мораат да се обележат:

1) секоја петта црта — ако вредноста на поделокот е 1 × $10^n$ или 2 × $10^n$ $m^3$;

2) секоја втора црта — ако вредноста на поделокот е 5 × $10^n$ $m^3$.

Растојанието помеѓу цртите на поделбата не смее да биде помало од 1 mm и мора да биде рамномерно.

Стрелката или реперот мора да биде доволно тенок и да лежи што поблиску до површината со поделбата за да се обезбеди сигурно и лесно исчитување.

Пречникот на тркалцето од точка 1 став 1 од овој член мора да изнесува најмалку 16 mm.

Пречникот на бројникот од точ. 2 и 3 став 1 од овој член мора да изнесува најмалку 32 mm.

Член 21

Сите броеви на одделно тркалце или бројник, зависно од нивната положба, мораат да означуваат кубни метри или декадни умножеци или децимални делови од кубен метар.

Исчитувањето од показниот уред мора да биде во кубни метри. Заради тоа на плочата на показниот уред мора да стои ознака $m^3$.

Ако показниот уред има тркалце (или тркалца односно бројник) што означува децимални делови од кубен метар, исчитувањето во кубни метри се обезбедува така што на плочата на показниот уред тоа тркалце (или тркалца, односно бројник) се одвојува со запирка, што јасно се гледа, од тркалцата што означуваат кубни метри и нивните декадни умножеци и што тоа тркалце (или тркалца односно бројник) јасно се разликува (на пример по бојата на полето на плочата на показниот уред) од тркалцата што се наоѓаат пред запирката.

Ако последното тркалце или бројник на показниот уред означува декадни умножеци на кубен метар, исчитувањето во кубни метри се обезбедува така што на плочата на показниот уред по последното тркалце или бројник се запишуваат една, две или повеќе нули.

Член 22

Бројот на тркалцата на показниот уред треба да биде толкав што да се обезбеди исчитување на за-

фатнината на гасот, чиј притисок и температура се такви што факторот на корекцијата да има најголема вредност, што ќе протече низ гасомерот (на кој е приклучен коректорот) за време од 1000 часови работа при најголем проток на гасомерот ($Q_{max}$).

Член 23

На плочата на показниот уред мора да стои следниот натпис: „Коригирана зафатнина“.

Член 24

Коректорот може да има и показен уред што покажува вредности на зафатнината на гасот што не зависат од притисокот, температурата и факторот на компресибилноста на мерениот гас.

На плочата на показниот уред од став 1 на овој член мора да стои следниот натпис: „Некоригирана зафатнина“.

### 5. Типско испитување

Член 25

Типското испитување на коректори опфаќа:

1) надворешен преглед;
2) испитување на работниот опсег;
3) испитување на издржливоста.

Член 26

Со надворешниот преглед се утврдува дали карактеристиките на коректорот (облик, состав, натписи и ознаки) се во согласност со одредбите од овој правилник.

Член 27

Испитувањето на работниот опсег на коректорот се врши со помош на уред за испитување на коректорот така што се снимаат кривите линии на релативните грешки на коректорот (изразени во проценти) во функција:

1) на протокот (односно брзината на вртењето на излезната оска на уредот) од најмалиот до најголемиот проток на гасомерот за кој коректорот е наменет, при константен притисок и температура;

2) на температурата од $t_{min}$ до $t_{max}$, при протокот чија вредност е околу 0,5 од најголемиот проток на гасомерот за кој коректорот е наменет и при константниот притисок (освен за коректори според притисок);

3) на притисокот од $p_{min}$ до $p_{max}$, при протокот чија вредност е околу 0,5 од најголемиот проток на гасомерот за кој коректорот е наменет и при константна температура (освен за коректорите според температура).

Работниот опсег на коректорот е правилно определен ако кривите линии на релативните грешки на коректорот се наоѓаат внатре во опсегот на грешката од ± 0,8%.

Член 28

Испитувањето на издржливоста на коректор опфаќа:

1) работа на коректорот во траење од 1000 часови без прекин или со прекини, но така што да биде завршена за шест месеци;

2) повторно испитување на работниот опсег на коректорот.

Работата на коректорот мора да се одвива при брзина на вртење на излезната оска на уредот за испитување на коректорот што му одговара приближно на најголемиот проток на гасомерот за кој коректорот е наменет и при најголемиот фактор на корекцијата.

Повторното испитување на работниот опсег на коректорот се врши на начинот предвиден во член 27 став 1 од овој правилник.

Коректорот се смета како доволно издржлив ако кривите линии на релативните грешки на коректорот (по работа на коректорот од 1000 часови) се наоѓаат внатре во опсегот на грешката од ± 1%.

### 6. Грешка при прегледот

Член 29

Најголема дозволена грешка на коректорот, при прегледот, изнесува ± 1% во целиот работен опсег на коректорот.

### 7. Вградување на коректор

Член 30

Коректорот може да се приклучи само кон оној гасомер чија вредност на константата на излезната команда ѝ одговара на вредноста испишана на таблицата на коректорот.

Член 31

Врската на коректорот и гасомерот се жигосува така што раздвојувањето на коректорот и гасомерот да не биде можно без оштетување на жигот.

Член 32

Температурата на гасот, освен за коректорите според притисок, се мери пред или зад гасомерот на растојание не поголемо од 0,5 m од поблискиот раб на куќиштето на гасомерот.

Приклучокот за мерење на температурата на гасот се жигосува така што да биде обезбедено непрекинато мерење на температурата на гасот.

Член 33

Притисокот на гасот, освен за коректорите според температура, се мери на отворот на гасомерот за мерење на референтниот притисок на гасот.

Водот за мерење на притисокот на гасот се жигосува така што да биде обезбедено непрекинато мерење на притисокот на гасот.

Во водот за мерење на притисокот на гасот може да се постави вентил што се жигосува така што да биде во положба „отворено“. Ако притисокот на гасот е поголем од 4 MPa (4MPa = 40 bar) во водот за мерење на притисокот на гасот мора да се постави тој вентил.

## III. ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 34

Коректорите што се наоѓаат во употреба а за кои не се издадени одобренија за преглед и жигосување до денот на влегувањето во сила на овој правилник, ќе се примаат на преглед и ќе се прегледаат според метролошките упатства за преглед на коректори и ќе се жигосаат ако грешката не им е поголема од ± 2% најдоцна до 31 декември 1985 година.

Член 35

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 0204-191/2
21 февруари 1977 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали,
**Петар Ковинчиќ**, с. р.

**153.**

Врз основа на член 40 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 13/76), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА УРЕДИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ГАСОМЕРИ

### I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник сè пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат уредите за испитување на гасомери.

Под уреди за испитување на гасомери, во смисла на овој правилник, се подразбираат:

1) уреди со ѕвоно за испитување на гасомери;

2) уреди со еталон гасомер за испитување на гасомери.

### II. УРЕДИ СО ЅВОНО ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ГАСОМЕРИ

**1. Опис на уредот**

Член 2

Уредот со ѕвоно за испитување на гасомери се состои од:

1) мерен дел со помошна опрема;

2) испитна линија со маса за поставување на гасомерот;

3) инструмент за мерење и дотерување на протокот на воздух.

Шемата на уредот со ѕвоно е прикажана на сликата 1.

Член 3

Мерниот дел со помошната опрема е составен од:

1) ѕвоно со цилиндричен облик чија горна основа е затворена, а долната основа отворена;

2) летва со скала, прицврстена на бочната страна на ѕвоното;

3) резервоар со попречен пресек во облик на круг или кружен прстен, наполнет со вода или со ретко минерално масло и отворен од горната страна;

4) праволиниски водилки што обезбедуваат правилно вертикално поместување на ѕвоното;

5) тркалца поставени и на горниот и на долниот дел на ѕвоното, што се лизгаат по праволиниските водилки;

6) противтег што го определува натпритисокот на воздухот под ѕвоното;

7) челично јаже или челичен синџир што ги врзува противтегот и ѕвоното;

8) колца преку кои е префрлено челичното јаже или челичниот синџир;

9) цевка низ која воздухот од просторијата влегува под ѕвоното или од ѕвоното излегува во испитната линија;

10) вентилот што со ставање во положба „отворено“ овозможува ѕвоното да се полни со воздух;

11) репер зацврстен на горниот дел на резервоарот;

12) термометар за мерење на температурата на воздухот под ѕвоното;

13) термометар за мерење на температурата на водата или на минералното масло во резервоарот.

Член 4

Испитната линија со маса за поставување на гасомерот е составена од:

1) влезен вентил;

2) цевовод;

3) маса за поставување на гасомерот;

4) манометар за мерење на притисокот на воздухот во испитната линија;

5) манометри за мерење на падот на притисокот во секој испитуван гасомер;

6) термометар за мерење на температурата на воздухот во непосредната околина на испитната линија;

7) термометар за мерење на температурата на воздухот во испитната линија;

8) излезен вентил.

Член 5

Инструментот за мерење и дотерување на протокот на воздухот е составен од:

1) еден или повеќе ротаметри со испишана скала;

2) еден или повеќе вентили за дотерување на протокот на воздухот;

3) придушен ротаметар;

4) вентил за избор на саканиот проток на воздухот, што има испишана скала;

5) вентил за дотерување на избраниот проток на воздух.

Инструментот за мерење и дотерување на протокот на воздух можат да го сочинуваат и само елементите од точ 1 и 2 став 1 од овој член или само елементите од точ. 3, 4 и 5 став 1 од овој член.

**2. Ракување со уредот**

Член 6

Со уредот со ѕвоно можат да се вршат следните фази на прегледот на гасомерите:

1) разработување;

2) испитување на непропустливоста на куќиштето;

3) испитување на точноста на покажувањето;

4) мерење на падовите на притисокот во гасомерот.

Член 7

Пред да почне некоја од фазите на прегледот на гасомерите од член 6 на овој правилник:

1) ѕвоното е наполно потопено во вода или минерално масло со кое е наполнет резервоарот;

2) вентилите од чл. 3 и 4 на овој правилник се во положба „отворено“;

3) гасомерите што се испитуваат се поставени на местата предвидени за тоа.

Член 8

Заради разработување на гасомерите, испитување на точноста на покажувањето на гасомерите и мерење на падовите на притисокот во гасомерите, со уредот со ѕвоно се ракува така што со затворање на влезниот вентил и со подигање на ѕвоното воздухот од просторијата влегува низ цевката под ѕвоното. Кога ѕвоното наполно ќе се наполни со воздух, со затворање на вентилот од член 3 на овој правилник и со отворање на влезниот вентил се овозможува воздухот, што се наоѓа под ѕвоното, под притисок на самото ѕвоно да почне да протечува низ испитната линија со оној проток што е дотеран на некој од вентилите од член 5 на овој правилник.

Член 9

Заради испитување на непропустливоста на куќиштето на гасомерите, со уредот со ѕвоно се ракува на начинот предвиден во член 8 од овој правилник, со тоа што на крајот се затвора излезниот вентил од член 4 на овој правилник, а веднаш потоа и влезниот вентил од тој член.

### 3. Посебни услови

Член 10

Ѕвоното, скалата и резервоарот мораат да бидат изработени од метал или од легури што се доволно отпорни на корозија (нерѓосувачки челик цинк, бакар и др.).

Член 11

Зафатнината на ѕвоното мора да изнесува: 50, 100, 200, 300, 400, 500, 600, 800, 1000, 1500, 2000 или 5000 $dm^3$.

Член 12

Најголемиот проток изразен во $m^3/h$, што може да се оствари со уред со ѕвоно е определен со равенката: $Q_{max} = 20\ V$, каде што V е зафатнина на ѕвоното во $m^3$.

Со уредот чие ѕвоно има зафатнина од 1000, 1500, 2000 или 5000 $dm^3$ се дозволува и остварување на двапати поголем проток од оној што е утврден во став 1 на овој член.

Член 13

Уредот со ѕвоно мора да биде конструиран така што притисокот на воздухот под ѕвоното, зависно од положбата на ѕвоното, (длабочината на потопувањето на ѕвоното во течноста со која е наполнет резервоарот), да не се менува за повеќе од ± 20 Pa (20 Pa = 0,2 mbar).

Член 14

Ѕвоното и испитната линија мораат да бидат непропустливи при најголемиот работен притисок на уредот со ѕвоно.

Член 15

Вредноста на поделоците и бројчените ознаки на скалата на ѕвоното, зависно од зафатнината на ѕвоното, се определени во следната табела:

| Зафатнина на ѕвоното во $dm^3$ | Најголема вредност за поделок во $dm^3$ | Бројчена ознака во $dm^3$ |
|---|---|---|
| 50 | 1 | 10 |
| 100, 200, 300 | 5 | 50 |
| 400, 500, 600, 800, 1000, 1500 | 10 | 100 |
| 2000 | 20 | 200 |
| 5000 | 50 | 500 |

Цртите на поделбата мораат да бидат јасни и еднообразно исцртани. Со поголема должина мораат да се обележат:

1) секоја петта црта — ако вредноста на поделокот е 1, 10 и 20 $dm^3$;

2) секоја втора црта — ако вредноста на поделокот е 5 и 50 $dm^3$;

Растојанието помеѓу цртите на поделбата не смее да биде помало од 1,5 mm и мора да биде рамномерно.

Член 16

Скалата на ѕвоното може да ја означи зафатнината на воздухот под ѕвоното со грешка што не смее да биде поголема од:

1) ± 0,2% од зафатнината според скалата на ѕвоното, за секој интервал ограничен со нулевата или последната црта на поделбата на скалата на ѕвоното и со кој и да било број означената црта на поделбата на скалата на ѕвоното;

2) ± 0,4% од зафатнината според скалата на ѕвоното, за кој и да било интервал ограничен со две соседни со броеви означени црти на поделбата на скалата на ѕвоното (изземајќи ја нулевата и последната црта на поделбата на скалата на ѕвоното).

Член 17

Масата за поставување на гасомерот мора да биде снабдена со елементи за брзо вклучување на гасомерот во испитната линија.

## III. УРЕДИ СО ЕТАЛОН ГАСОМЕР ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ГАСОМЕРИ

### 1. Опис на уредот

Член 18

Уредот со еталон гасомер за испитување на гасомери се состои од:

1) погонски дел;

2) испитна линија;

3) инструмент за мерење и дотерување на протокот на воздухот.

Шемата на уредот со еталон гасомер е прикажана на сликата 2.

Член 19

Како погонски дел се употребува вентилатор, чија сила мора да биде таква што со сигурност да се постига најголем проток на уредот со еталон гасомер, а работата таква што да не доаѓа до пулзации (промени) во протокот на воздухот.

Член 20

Испитната линија е составена од:

1) влезен вентил;

2) еталон гасомер;

3) цевовод;

4) манометар за мерење на падот на притисокот во еталон гасомерот;

5) манометар за мерење на притисокот во испитната линија;

6) манометар за мерење на падот на притисокот во испитуваниот гасомер;

7) термометри за мерење на температурата на воздухот во испитната линија пред и зад еталон гасомерот;

8) термометри за мерење на температурата на воздухот во испитната линија пред и зад испитуваниот гасомер;

9) излезен вентил;

Член 21

Инструментот за мерење и дотерување на протокот на воздухот е составен од:

1) давач што е најчесто вграден во еталон гасомерот;

2) показен дел;

3) вентил;

Инструментот за мерење и дотерување на протокот на воздухот може наместо елементот од став 1 на овој член да го сочинуваат елементи предвидени во член 5 од овој правилник.

### 2. Ракување со уредот

Член 22

Со уредот со еталон гасомер можат да се вршат следните фази на преглед на гасомери:

1) разработување;

2) испитување на непропустливоста на куќиштето;

3) испитување на точноста на покажувањето;

4) мерење на падови на притисокот во гасомерот.

Член 23

Заради разработување на гасомерот, испитување на точноста на покажувањето на гасомерот и мерење на падовите на притисокот во гасомерот, со уредот со еталон гасомер се ракува така што со поставување на гасомерот што се испитува на местото предвидено за тоа, со пуштање на вентилаторот во работа, со отворање на излезниот вентил и со постепено отворање на влезниот вентил се овозможува воздухот да тече низ испитната линија со проток чија вредност зависи од положбата на влезниот вентил.

Член 24

Заради испитување на непропустливоста на куќиштето на гасомерот со уред со еталон гасомер се ракува на начинот предвиден во член 23 од овој правилник, со тоа што на крајот се затвора излезниот вентил, а веднаш потоа и влезниот вентил.

### 3. Посебни услови

Член 25

Во испитната линија на уредот со еталон гасомер можат да се постават и повеќе од еден гасомер. Во тој случај за секој испитуван гасомер мора да постои манометар за мерење на падот на притисокот во гасомерот и манометар за мерење на притисокот на воздухот во испитната линија пред секој гасомер. Температурата на воздухот во испитната линија се мери пред првиот и зад последниот гасомер.

Член 26

Ако се испитуваат гасомери со големина Г 250 и поголеми, уредот со еталон гасомер може да има до четири еталон гасомери што во испитната линија се поставуваат поединечно или паралелно.

Член 27

Уредите со еталон гасомер кај кои вентилаторот издувува воздух низ испитната линија мораат да имаат и резервоар за смирување на протокот и изедначување на температурата на воздухот.

Резервоарот се вградува непосредно зад вентилаторот.

Член 28

Испитната линија на уредот со еталон гасомер мора да биде непропустлива при најмногу очекуваните потпритисоци или натпритисоци за време на испитувањето на гасомерот, односно при потпритисок или натпритисок од 1 kPa (1 kPa = 10 mbar) ако најмногу очекуваните потпритисоци или натпритисоци се помали.

Член 29

Како еталон гасомер се употребува:

1) гасомер со течност — за испитување на гасомери со течност, гасомери со мевови и гасомери со ротациони клипови;

2) гасомер со ротациони клипови — за испитување на гасомери со ротациони клипови и гасомери со мевови;

3) гасомер со турбина — за испитување на гасомери со турбина.

Член 30

За да може гасомерот да се употреби како еталон гасомер мора да ги исполнува следните услови:

1) кривата линија на средните релативни грешки на гасомерот (изразени во проценти) во функцијата на протокот од $Q_{min}$ до $Q_{max}$ мора да се наоѓа во опсег во кој средната релативна грешка е помала од ± 1%;

2) релативните грешки на гасомерот (изразени во проценти), за одделни мерења при ист проток не смеат да отстапуваат за повеќе од ± 0,1% од средната релативна грешка на гасомерот (изразена во проценти) за тој проток.

Член 31

Кривата линија на средните релативни грешки на гасомерот (изразени во проценти) во функцијата на протокот од $Q_{min}$ до $Q_{max}$ се определува со помош на средните релативни грешки на гасомерот (изразени во проценти) добиени при најмалку 12 различни протоци.

Средната релативна грешка на гасомерот (изразена во проценти) за низа мерења при определен проток се добива според следниот образец:

$$\bar{g} = \frac{1}{n}\sum_{i=1}^{i=n} g_i,$$

каде што се:

g — средна релативна грешка на гасомерот (изразена во проценти);

$g_i$ — релативна грешка на гасомерот (изразена во проценти) добиена од i — на тоа мерење;

n — број на мерењата.

Најмалиот број на мерењата за пресметување на средната релативна грешка на гасомерот (изразена во проценти) при определен проток е n = 3.

## IV. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

Член 32

На посебната таблица на уредот за испитување на гасомери мора, на траен начин, на еден од јазиците и писмата на народите на Југославија да се испише, и тоа:

1) фирмата или називот на производителот;

2) службената ознака на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали;

3) серискиот број и годината на производството на уредот;

4) најголемиот проток ($Q_{max}$ ———— $m^3/h$);

5) најмалиот проток ($Q_{min}$ ———— $m^3/h$ или $dm^3/h$).

За уредот со ѕвоно на таблицата од став 1 на овој член мора да биде испишано и:

1) најголемиот работен притисок ($p_{max}$ ——— Pa) или kPa, или bar, или mbar);

2) вредноста на зафатнината на ѕвоното (V ——— $dm^3$).

Таблицата мора да биде изработена така што врз неа да може да се втисне жигот без чие уништување таблицата не може да се симне.

Член 33

Типското испитување и првиот и повремените прегледи на уредот за испитување на гасомери опфаќаат:

1) надворешен преглед;
2) испитување на непропустливоста на уредот;
3) испитување на непроменливоста на натпритисокот на воздухот под ѕвоното (само за уредите со ѕвоно);
4) испитување на точноста на скалата на ѕвоното (само за уреди со ѕвоно);
5) испитување на точноста и повторливоста на покажувањето на еталон гасомерот (само за уреди со еталон гасомер);
6) испитување на точноста на скалата на инструментот за мерење и дотерување на протокот на воздухот;
7) испитување на точноста на манометрите;
8) испитување на точноста на термометрите.

Член 34

Најголемите дозволени грешки на покажувањето на инструментот за мерење и дотерување на протокот на воздухот се ± 5%.

Член 35

За мерење на притисокот мораат да се употребуваат манометри со течност, и тоа:
1) манометри во облик U-цевки;
2) коси цевни манометри.

Употребените манометри мораат да бидат од класата 1, односно грешките на мерењето во употреба не смеат да бидат поголеми од ± 1% од мерениот притисок.

Вредноста на поделоците не смее да биде поголема од 10 Pa (10 Pa = 0,1 mbar).

Член 36

За мерење на температурата мораат да се употребуваат лабораториски стаклени термометри кај кои вредноста на поделоците не смее да биде поголема од 0,1°C.

Покрај термометрите од став 1 на овој член, можат да се употребуваат и термометри од други видови ако во поглед на точноста им одговараат на термометрите од тој став.

Член 37

Сликата 1 од член 2 на овој правилник и сликата 2 од член 18 на овој правилник се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 38

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 0204-192/2
21 февруари 1977 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
мери и скапоцени метали,
**Петар Ковинчиќ**, с. р.




СЛИКА 1 — ШЕМА НА УРЕДОТ СО ЅВОНО

Забелешка:

**Бројот вон од заграда означува број на членот од правилникот, а бројот во заграда број на точката од тој член на правилникот.**




СЛИКА 2 — ШЕМА НА УРЕДОТ СО ЕТАЛОН ГАСОМЕР

Забелешка:

Бројот вон од заграда означува број на членот од правилникот, а бројот во заграда број на точката од тој член на правилникот.

**154.**

Врз основа на член 40 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/76), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА УРЕДИ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА КОРЕКТОРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат уредите за испитување на коректори.

Член 2

Уредот за испитување на коректори мора да има

1) направа за создавање и мерење на притисок;

2) термостатски уред со инструменти за мерење на температура;

3) направа со која се симулира проток на гас.

Член 3

Направата за создавање и мерење на притисок е уред со тегови или преса со манометар.

Најголемата грешка при мерењето на притисокот не смее да биде поголема од ±0,2% од мерениот притисок.

Член 4

Термостатскиот уред мора да биде изработен така што во текот на мерењето разликата помеѓу најголемата и најмалата температура да не биде поголема од 0,2 K, односно 0,2°C.

За мерење на температурата се употребуваат лабораториски стаклени термометри кај кои вредноста на поделоците не смее да биде поголема од 0,1°C

Покрај термометрите од став 2 на овој член, можат да се употребуваат и термометри од други видови ако во поглед на точноста им одговараат на термометрите од тој став.

Член 5

Направата со која се симулира проток на гас е мотор чија излезна оска може лесно да се приспособи кон разни видови коректори, или генератор на електрични импулси.

Направата со која се симулира проток на гас мора да има инструмент за исчитување на полните обрти на оската на коректорот, односно на вкупниот број на предадените импулси.

Член 6

На посебна таблица на уредот за испитување на коректори мора, на траен начин, на еден од јазиците и писмата на народите на Југославија да се испише, и тоа:

1) фирмата или називот на производителот;

2) службената ознака на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали;

3) сериискиот број и годината на производството;

4) вредноста на опсегот на работните притисоци (p ———— до ———— Pa или kPa, или bar, или mbar);

5) вредноста на опсегот на работните температури (T ———— до ———— K или t ———— до ————°C).

Член 7

Таблицата од член 6 на овој правилник мора да биде изработена така што врз неа да може да се втисне жиг без чие уништување таблицата не може да се симне.

Член 8

Типското испитување и првиот или повремените прегледи на уредите за испитување на коректори опфаќаат:

1) надворешен преглед;

2) испитување на исправноста и точноста на направата за создавање и мерење на притисок;

3) испитување на исправноста на термостатскиот уред и на точноста на инструментите за мерење на температурата;

4) испитување на исправноста на направата со која се симулира проток на гас и на инструментот за исчитување на полните обрти на оската на коректорот, односно на вкупниот број на импулси.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0204-193/2
21 февруари 1977 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали,
**Петар Ковинчиќ**, с. р.

155.

Врз основа на член 26 став 4, во врска со член 25 став 2 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/76), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА УСЛОВИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ И ОПРЕМАТА ЗА ПРЕГЛЕД И ЖИГОСУВАЊЕ НА ГАСОМЕРИ И КОРЕКТОРИ, КАКО И РАБОТНИЦИТЕ ВО ОПРЕДЕЛЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО ПОГЛЕД НА СТРУЧНАТА ПОДГОТОВКА АКО МУ СЕ СТАВААТ НА РАСПОЛАГАЊЕ НА ОРГАНОТ НА КОНТРОЛАТА ПРИ ПРЕГЛЕДОТ И ЖИГОСУВАЊЕТО НА ГАСОМЕРИ И КОРЕКТОРИ

### I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите што мораат да ги исполнуваат работните простории и опремата за преглед и жигосување на гасомери и коректори, како и условите во поглед на стручната подготовка на работниците што организацијата на здружениот труд која произведува или поправа гасомери и коректори е должна да му ги стави на располагање на органот на контролата при прегледот и жигосувањето на гасомери и коректори ако прегледот на тие мерила, на нејзино барање, по исклучок од одредбата на член 25 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата, се врши во нејзините деловни простории.

### II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

#### 1. Работна просторија

Член 2

Работната просторија за преглед и жигосување на гасомери и коректори мора:

1) да биде чиста, сува, изградена во согласност со важечките технички нормативи и доволно пространа за сместување на опрема;

2) да ги исполнува пропишаните услови во поглед на хигиенско-техничката заштита;

3) да има дневно и електрично осветление според JUS U.C9.100, т.е. барањата во поглед осветлувањето да бидат „големи" и електричното осветление да се изведува како „општо осветление".

Член 3

Температурата на воздухот во работната просторији мора да се мери со најмалку три термометри, чим најмал поделок не смее да биде поголем од 0,1°C. Термометрите се поставуваат на три ѕида од просторијата на оддалеченост од 15 до 20 cm. од ѕидовите и на височина од 150 до 170 cm над подот.

Разликите во температурата на воздухот помеѓу одделни места во работната просторија не смеат да бидат поголеми од 1°C.

Температурата во работната просторија не смее да биде поголема од 25°C ниту помала од 15°C.

Температурата во работната просторија не смее во текот на денот да осцилира за повеќе од 2°C.

Член 4

Прозорците мораат да бидат дупли, а оние што се изложени на сонце треба да имаат солидни и густо исткаени завеси или на тоа слично, за намалување на сончевото влијание врз промената на температурата.

Член 5

Топлотните извори за греење на работната просторија треба да се на најоддалеченото место од уредот за испитување на гасомери, односно од уредот за испитување на коректори.

Член 6

